	Интернистичка прва помош	2 месеци
	Интензивна интерна медицина	1 месец
	Анестезиологија - операциона сала - анестезиологија со интензивна медицина за хируршки гранки	4 месеци
	Интензивна медицина во педијатрија	2 месеци
	Родилна сала	2 месеци
	Општа и специјализирана болница	1 месец
	Интернистичка прва помош	1 месец
	Интензивна интернистичка медицина	2 месеци
	Кардиологија и перкутана транслуминална коронарна ангиопластика	2 месеци
	Амбулантски хируршки интервенции	2 месеци
	Ортопедија	2 месеци
	Прием на траума пациент	1 месец
	Интензивна педијатриска медицина	0,5 месеци
	Приемна педијатриска амбуланта	0,5 месеци
	Општа и специјализирана болница	1 месец
	Специјален дел	36 месеци
	Гастроентерохепатологија	1 месец
	Ендокринологија	0,5 месеци
	Пулмологија	0,5 месеци
	Анестезиологија - анестезија во операциона сала - амбуланта за третман на болка	4 месеци
	Радиологија - РТГ дијагностика на граден кош, абдомен и скелет - ургентна ултразвучна дијагностика - ургентна КТ и МРИ дијагностика - основи на ургентната интервентна дијагностика	2 месеци
	Амбуланта за општа итна медицинска помош	1,5 месеци
	Терен	1,5 месеци
	Болница или здравствен дом (матична установа)	1 месец
	Хирургија - абдоминална хирургија - интензивно хируршко лекување	5 месеци
	Гинеколошка приемна амбуланта	1 месец
	Родилна сала	1 месец
	Амбуланта за општа итна медицинска помош	2 месеци

Терен	2 месеци
Болница или здравствен дом (матична установа)	1 месец
Психијатрија	1 месец
Приемна невролошка амбуланта	1 месец
Приемна инфектолошка амбуланта	1 месец
Приемна оториноларинголошка амбуланта	1 месец
Приемна офталмолошка амбуланта	1 месец
Онкологија	1 месец
Општа итна медицинска помош - амбуланта за општа итна медицинска помош - терен - медицина при масовни несреќи во склоп на прехоспитална реанимација (анестезија со реанимација)	 1 месец 1 месец 1 месец
Болница или здравствен дом (матична установа)	1 месец
Ургентен центар или клиничка болница	2 месеци

34.	**Уролошка хирургија**	**72 месеци**

Општ дел	24 месеци
Основни хируршки принципи	2 месеци
Хируршки рани, инфекции и компликации во општа хирургија	2 месеци
Операциона сала, инструментариум и електрични апарати	2 месеци
Термички, хемиски и радијациони повреди	1 месец
Ургентни хируршки состојби	2 месеци
Интензивна терапија и реанимација	1 месец
Анестезиологија во операциона сала	1 месец
Неврохирургија	1 месец
Детска хирургија	1 месец
Градна и васкуларна хирургија	1 месец
Урологија	1 месец
Дигестивна хирургија	5 месеци
Трауматологија	4 месеци
Специјален дел	48 месеци
Урологија	31 месец
Општа урологија	21 месец
Ендоскопија	10 месеци
Нефрологија	1 месец
Дигестивна хирургија	4 месеци
Гинекологија	2 месеци
Васкуларна хирургија	1 месец
Детска хирургија	1 месец
Пластична и реконструктивна хирургија	1 месец

	Општа или специјализирана болница	2 месеци
	Болница или здравствен дом (матична институција)	3 месеци
	Ургентен центар или клиничка болница	1 месец
	Итна медицинска помош	1 месец
35.	**Физикална и рехабилитациона медицина**	**48 месеци**
	Општ дел	24 месеци
	Основи на физикалната и рехабилитациона медицина (ФРМ), онеспособеност, мултидисциплинарен пристап во рехабилитацијата, физикален преглед	2 месеци
	Принципи на евалуација на онеспособеност, проценка на исходот	1,5 месеци
	Основи на кинезиологија и клиничка кинезиологија	2 месеци
	Физикални агенси (термотерапија, хидротерапија, балнеоклиматотерапија, механотерапија)	1,5 месеци
	Физикални агенси (електротерапија, сонотерапија, фототерапија)	2 месеци
	Основи на кинезитерапија	1,5 месеци
	Радиолошка дијагностика	1 месец
	Ортопедија	2 месеци
	Ревматологија	2 месеци
	Трауматологија	1,5 месеци
	Неврологија	2 месеци
	Неврофизиологија	1,5 месеци
	Неврохирургија	1 месец
	Кардиологија	1 месец
	Пулмологија	1 месец
	Специјален дел	24 месеци
	Протетика и ортотика	0,5 месеци
	Рехабилитација на дегенеративни и воспалителни ревматски заболувања	2 месеци
	Рехабилитација на посттрауматски промени на екстремитети	2 месеци
	Рехабилитација на болни со траума на ‘рбет и болни со повреда на ‘рбетен мозок	2 месеци
	Рехабилитација на болни по ортопедски хируршки интервенции (имплантација на ендопротеза и друго)	1,5 месеци
	Рехабилитација на болни со цереброваскуларна болест	2 месеци
	Рехабилитација на болни со краниоцеребрална повреда	0,5 месеци
	Рехабилитација на онколошки болни	0,5 месеци
	Рехабилитација на болни со повреда на периферни нерви	1 месец
	Рехабилитација на болни со невролошки заболувања (мултипна склероза, Паркинсонова болест, мускулни	1,5 месеци

дистрофии, полиневропатии, амиотрофична латерална склероза, атаксии и друго)	
Рехабилитација на болни со ампутација	1 месец
Рехабилитација во детска возраст	2 месеци
Рехабилитација по спортски повреди	1 месец
Рехабилитација во геријатрија	0,5 месеци
Општа или специјализирана болница	2 месеци
Болница или здравствен дом (матична институција)	3 месеци
Итна медицинска помош	1 месец
36. **Хематологија**	**72 месеци**
Општ дел	24 месеци
Кардиолошки третман во амбулантско-поликлинички услови	1 месец
Клиничка кардиологија	1,5 месеци
Пулмоалергологија - амбулантски дел	1,5 месеци
Пулмологија - хоспитален дел	1 месец
Гастроентерохепатологија во хоспитални услови	1,5 месеци
Амбулантна гастроентерохепатологија	1 месец
Нефрологија - хоспитален дел	1,5 месеци
Нефрологија - амбулантски дел	1 месец
Хоспитална ендокринологија	1,5 месеци
Амбулантска ендокринологија	1 месец
Хематологија - амбулантски дел	1,5 месеци
Хематологија - хоспитален дел	1 месец
Ревматологија - хоспитален дел	1,5 месеци
Ревматологија - амбулантски дел	1 месец
Токсикологија и ургентна интерна медицина - хоспитален дел	1,5 месеци
Токсикологија и ургентна интерна медицина - поликлиника	1 месец
Инфектологија	1 месец
Дерматологија	1 месец
Радиологија	0,5 месеци
Неврологија	0,5 месеци
Трансфузиологија	0,5 месеци
Нуклеарна медицина	0,5 месеци
Специјален дел	48 месеци
Клиничко лекување на болни со хематолошки заболувања	6 месеци
Лабораториски иследувања во хематологијата	4 месеци
Оддел за индукциска хемотерапија и интензивно лекување на малигните хематолошки заболувања	6 месеци

Оддел за лекување со трансплантација на хематопоетски матични клетки	6 месеци
Оддел за дневна болница - дијагностика и лекување на хематолошки заболувања во услови на дневна болница во хематологијата	5,5 месеци
Амбулантско-поликлиничка дејност во хематологијата	5 месеци
Трансфузиологија	0,5 месеци
Ултразвучна дијагностика на абдомен	1 месец
Онкологија	1 месец
Патолошка анатомија	1 месец
Биохемија	1 месец
Имунологија (ХЛА ДНК типизација)	1 месец
Микробиологија	1 месец
Нуклеарна медицина	0,5 месеци
Детска хематоонкологија	1 месец
Трансфузиологија	0,5 месеци
Општа или специјализирана болница	2 месеци
Ургентен центар во клиника	1 месец
Лекување на пациент во здравствен дом	3 месеци
Итна медицинска помош	1 месец

Член 3

Здравствените работници со високо образование од областа на медицината кои завршиле стаж на специјализација и положиле специјалистички испит, на една од гранките на медицина од член 2 од овој правилник, можат да супспецијализираат уште во следните супспецијалности и со следното време на траење:

	Гранка на супспецијализација	По основ на специјализација	Време на траење
1.	**Аудиологија**	Оториноларингологија	18 месеци
2.	**Болести на зависност**	Психијатрија и други основни гранки на специјализација	24 месеци
3.	**Детска кардиохирургија**	Општа хирургија Детска хирургија	24 месеци
4.	**Детска неврологија**	Неврологија Педијатрија	24 месеци
5.	**Дијабетологија**	Интерна медицина Педијатрија	24 месеци
6.	**Имунологија**	Медицинска микробиологија со паразитологија Трансфузиологија Педијатрија Ревматологија	18 месеци

		Хематологија Инфектологија Клиничка генетика Пулмологија и алергологија	
7.	**Клиничка токсикологија**	Интерна медицина Педијатрија Инфектологија Медицина на труд	24 месеци
8.	**Клиничка фармакотерапија**	Клиничка фармакологија Интерна медицина Неврологија Психијатрија Педијатрија Инфектологија Анестезиологија со реаниматологија	24 месеци
9.	**Козметологија**	Дерматовенерологија	18 месеци
10.	**Медицинска генетика**	Сите основни гранки на специјализација	18 месеци
11.	**Неврофизиологија**	Неврологија	24 месеци
12.	**Неонатологија**	Педијатрија	24 месеци
13.	**Суперволтажна радиотерапија**	Радиотерапија	24 месеци
14.	**Гинеколошка хируршка онкологија**	Гинекологија и акушерство	24 месеци
15.	**Перинатологија**	Гинекологија и акушерство Педијатрија	24 месеци
16.	**Психотерапија**	Психијатрија Медицинска психологија	24 месеци
17.	**Социјална психијатрија**	Психијатрија	24 месеци
18.	**Судска психијатрија**	Психијатрија	24 месеци
19.	**Трауматологија на остеоартикуларен систем**	Општа хирургија Ортопедија	24 месеци
20.	**Неврорадиологија**	Радиодијагностика	24 месеци
21.	**Торакална радиодијагностика**	Радиодијагностика	24 месеци
22.	**Педијатриска радиодијагностика**	Радиодијагностика	24 месеци
23.	**Остеоартикуларна радиодијагностика**	Радиодијагностика Ортопедија	24 месеци

24.	**Дигестивна радиодијагностика**	Радиодијагностика	24 месеци
25.	**Уролошка радиодијагностика**	Радиодијагностика	24 месеци
26.	**Гинеколошка и мама радиодијагностика**	Радиодијагностика	24 месеци
27.	**Педијатриска нефрологија**	Педијатрија	24 месеци
28.	**Педијатриска гастроентерохепатологија**	Педијатрија	24 месеци
29.	**Педијатриска кардиологија**	Педијатрија	24 месеци
30.	**Педијатриска хематологија и онкологија**	Педијатрија	24 месеци
31.	**Педијатриска анестезиологија**	Анестезиологија со интензивна медицина	24 месеци
32.	**Урогинекологија**	Гинекологија и акушерство Урологија	24 месеци
33.	**Педијатриска пулмологија**	Педијатрија	24 месеци

Член 4

Здравствените работници со високо образование од областа на медицината можат да специјализираат и во следниве гранки на медицината, со следново време на траење и со следните делови на стажот:

	Гранка на специјализација	Време на траење
1.	**Епидемиологија**	**36 месеци**
	Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика	26 месеци
	Микробиологија и паразитологија	3 месеци
	Инфективни болести и фебрилни состојби	3 месеци
	Семејна медицина	2 месеци
	Изработка на специјалистички труд	2 месеци
2.	**Имунологија**	**48 месеци**
	Институт за имунобиологија и хумана генетика (ИИБХГ)	17 месеци
	Институт за трансфузиона медицина (ИТМ)	5 месеци
	Интерна медицина	8 месеци
	Педијатрија	4 месеци
	Микробиологија и паразитологија	1,5 месеци
	Хематологија	2 месеци
	Дерматовенерологија	1,5 месеци
	Инфективни болести	1 месец

	Неврологија	1 месец
	Гинекологија и акушерство	1 месец
	Офталмологија	1 месец
	Оториноларингологија	1 месец
	Радиотерапија и онкологија	0,5 месеци
	Медицина на труд	0,5 месеци
3.	**Клиничка фармакологија**	**48 месеци**
	Фармакодинамика	2 месеци
	Фармакокинетика	2 месеци
	Основи на токсикологијата	2 месеци
	Фармакогеномика	2 месеци
	Фармакокинетика кај посебни популациски групи (деца, постари лица, бременост, лактација, лица со патолошки состојби)	2 месеци
	Мониторирање на концентрации на лекови	2 месеци
	Индивидуализација на терапија	2 месеци
	Клинички испитувања на лекови	2 месеци
	Биоеквивалентност и биорасположливост на лекови	2 месеци
	Анестезија и реанимација	1 месец
	Фармакотерапија на болести кај деца	1 месец
	Фармакотерапија на болести на дишни патишта	1 месец
	Инфективни болести и нивна терапија	1 месец
	Неврофармакологија	1 месец
	Клиничка имунологија	1 месец
	Фармакотерапија на болести на крвта	1 месец
	Фармакотерапија на ендокрини заболувања	1 месец
	Нефрологија и дијализа	1 месец
	Фармакотерапија на малигни болести	1 месец
	Психофармакологија	1 месец
	Клиничка токсикологија	2 месеци
	Фармакотерапија на болести на срце	2 месеци
	Фармакотерапија на болести на дигестивен тракт	2 месеци
	Фармакоепидемиологија и фармакоекономика	1 месец
	Фармаковигиланца	2 месеци
	Фармацевтска легислатива	2 месеци
	Рационална употреба на лекови	2 месеци
	Изработка на специјалистички труд	6 месеци

4.	**Медицина на труд**	**48 месеци**
	Физиологија на трудот	4 месеци
	Екологија на трудот	6 месеци
	Професионална патологија	22 месеци
	Оценка на работна способност	8 месеци
	Заштита од јонизирачко зрачење	2 месеци
	Служба за медицина на трудот	6 месеци
5.	**Медицинска биохемија**	**48 месеци**
	Медицинска биохемија во специјализирани лаборатории	27 месеци
	Хематологија	3 месеци
	Трансфузиологија	3 месеци
	Медицинска микробиологија	4 месеци
	Генетика	1 месец
	Биохемиски аспекти на патологијата и онкологијата	1 месец
	Фармакологија и фармакотоксикологија	1 месец
	Менаџмент и осигурување на квалитет на работата во лабораторија	2 месеци
	Изработка на специјалистички труд	6 месеци
6.	**Медицинска микробиологија со паразитологија**	**48 месеци**
	Основи на практична работа во микробиолошка лабораторија	4 месеци
	Бактериологија	19 месеци
	Вирусологија	3 месеци
	Микологија	3 месеци
	Паразитологија	4 месеци
	Антимикробна чувствителност	1 месец
	Серологија	3 месеци
	Молекуларни методи во микробиологијата	2 месеци
	Епидемиологија на заразни болести	1 месец
	Инфективни болести	3 месеци
	Санитарна микробиологија	2 месеци
	Социјална медицина	0,5 месеци
	Хигиена	0,5 месеци
	Биохемиска лабораторија	1 месец
	Патологија	1 месец

7.	**Нуклеарна медицина**	**48 месеци**
	Нуклеарна медицина	36 месеци
	Радиологија	2 месеци
	Кардиологија	1,5 месеци
	Пулмологија	1 месец
	Хематологија	1 месец
	Нефроурологија	1 месец
	Ендокринологија	1,5 месеци
	Гастроентерохепатологија	1 месец
	Неврологија	1 месец
	Ортопедија	1 месец
	Онкологија	1 месец
8.	**Патологија**	**60 месеци**
	Воведен дел	10 месеци
	Специјален насочен дел	19 месеци
	Невропатологија	3 месеци
	Онкопатологија	6 месеци
	Гинеколошка патологија	3 месеци
	Цитопатологија	4 месеци
	Форензичка патологија	3 месеци
	Продлабочена насочена патологија	12 месеци
9.	**Социјална медицина и јавно здравје**	**36 месеци**
	Социјална медицина	8 месеци
	Здравствена политика и законодавство	5 месеци
	Организација на здравствената служба и здравствен менаџмент	6 месеци
	Економика во здравството	3 месеци
	Научноистражувачка методологија во социјалната медицина	2 месеци
	Систем на здравствена статистика и здравствени информациски системи	2 месеци
	Промоција на здравјето и здравствено воспитување	2 месеци
	Социјална политика и законодавство	1 месец
	Глобално здравје и меѓународна здравствена соработка	1 месец
	Медицина на труд и заштита на работа	1 месец
	Основи на хигиената и здравствена екологија	2 месеци
	Основи на епидемиологијата и биостатистика	2 месеци
	Основни организациски форми на здравствената заштита во вонредни и кризни состојби	1 месец

10.	**Спортска медицина**	**48 месеци**
	Физиологија на спорт и функционална дијагностика	12 месеци
	Интерна медицина - кардиологија	8 месеци
	Ургентна медицина - Клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување (КАРИЛ)	1 месец
	Трауматологија	6 месеци
	Ортопедија	6 месеци
	Физикална и рехабилитациона медицина	5 месеци
	Неврологија	1 месец
	Хигиена	15 дена
	Медицина на трудот	15 дена
	Хигиена на исхрана на спортисти и рекреативци	6 месеци
	Спортски клуб, практични искуства со работа во спортскомедицински тим	2 месеци
11.	**Судска медицина**	**48 месеци**
	Судска медицина	38 месеци
	Патолошка анатомија	4 месеци
	Форензичка токсикологија	4 месеци
	ДНА технологија	1 месец
	Криминалистика	1 месец
12.	**Хигиена и здравствена екологија**	**48 месеци**
	Хигиена и здравствена екологија	26 месеци
	Здравствена екологија во работни услови	3 месеци
	Епидемиологија на заразни заболувања	2 месеци
	Здравствена статистика	2 месеци
	Социјална медицина и промоција на здравје	2 месеци
	Токсикологија (индустриска и клиничка)	2 месеци
	Гастроентерохепатологија	1 месец
	Педијатрија	1 месец
	Физиологија	1 месец
	Санитарна микробиологија	1 месец
	Урбанизам и просторно планирање	1 месец
	Државна санитарна и здравствена инспекција	1 месец
	Инспекција за заштита на животната средина	1 месец
	Агенција за храна и ветеринарство	1 месец
	Изработка на специјалистички труд	3 месеци

13.	**Клиничка лабораториска генетика**	**48 месеци**
	Основи на лабораториска работа	1 месец
	Основи на генетиката	1 месец
	Методи за молекуларна дијагностика	6 месеци
	Молекуларни основи на моногенски и полигенски наследни болести	4 месеци
	Медицинска цитогенетика	4 месеци
	Биохемиска генетика	2 месеци
	Скрининг-методи (генетски, метаболички болести)	1 месец
	Имуногенетика	2 месеци
	Молекуларна микробиологија	2 месеци
	Биоинформатика и бази на податоци	1 месец
	Клиничка генетика	3 месеци
	Генетика на наследни карциноми	1 месец
	Молекуларна патологија со хематоонкологија	2 месеци
	Фармакогенетика и таргетирана терапија	1 месец
	Репродуктивна генетика	2 месеци
	ДНК-форензика	2 месеци
	Генетско советување	1 месец
	Изработка на специјалистички труд во лабораторија или лаборатории по избор	12 месеци

Медицинска биохемија од став 1 точка 5 на овој член, како гранка на специјализација од областа на медицината можат да специјализираат и здравствени работници со завршен фармацевтски факултет.

III. ГРАНКИ, ВРЕМЕ НА ТРАЕЊЕ И ДЕЛОВИ НА СТАЖОТ ОД СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 5

Здравствените соработници со завршен соодветен факултет можат да специјализираат во следните гранки на специјализација:

	Гранка на специјализација	Факултет	Време на траење
1.	**Медицинска генетика и молекуларна биологија**	Природно-математички факултет - отсек биологија и отсек молекуларна биологија и Биотехнички факултет	18 месеци
2.	**Медицинска психологија**	Филозофски факултет - отсек психологија	24 месеци

3.	**Медицинска нуклеарна физика**	Природно-математички факултет - отсек физика или Електротехнички факултет - отсек електроника	24 месеци
4.	**Клиничка лабораториска генетика**	магистер по фармација, магистри по молекуларна биологија, биохемија и други биомедицински науки со освоени минимум 300 ЕКТС	24 месеци

Клиничка лабораториска генетика од став 1 точка 4. на овој член, како гранка на специјализација од областа на медицината, здравствените соработници ја спроведуваат согласно член 4 став 1 точка 13 од овој правилник.

IV. ОРГАНИЗАЦИСКИ, КАДРОВСКИ, МАТЕРИЈАЛНИ И ДРУГИ ПОБЛИСКИ КРИТЕРИУМИ, ВО ЗАВИСНОСТ ОД ВИДОТ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ШТО СЕ СПРОВЕДУВА, КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ВИСОКО ОБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ, ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ И ДРУГИТЕ ПРАВНИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ

Член 6

Теоретскиот дел од плановите и програмите за специјализациите, односно супспецијализациите на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование се спроведува на акредитирани високообразовни установи, кои во однос на организацијата, кадарот, просторот и медицинско-техничката опременост ги исполнуваат следните поблиски критериуми:

- во нив да се извршуваат стручните работи предвидени со планот и програмата за одредената специјализација, односно супспецијализација,
- да има соодветен простор и опрема за практична настава на учење на лабораториска техника,
- во нив да работат најмалку четворица специјалисти со наставно-научно звање или два специјалисти во редовен работен однос од најмалку десет години со специјалистички стаж, за видот на специјализацијата, односно супспецијализацијата за која специјализантот се усовршува, и
- да имаат литература (печатена и во електронска форма) во согласност со современата медицинска наука со која се овозможува пристап до домашна и странска стручна литература.

Член 7

Здравствените установи и другите правни лица кои вршат здравствена дејност во кои може да се спроведува практичниот дел од специјализациите, односно супспецијализациите во однос на организацијата, кадарот, простор и медицинско-техничката опременост треба да ги исполнуваат следните поблиски критериуми:

- во нив да се извршуваат стручните работи-постапки и интервенции по вид предвидени со планот и програмата за одредената специјализација, односно супспецијализација,
- да има соодветен простор и опрема,
- да има посебна просторија за престој на специјализантите,
- во нив да работат најмалку четворица специјалисти, односно супспецијалисти од гранката на специјализацијата/супспецијализацијата за која специјализантот се усовршува, да се во работен однос со полно работно време и најмалку пет години со специјалистички стаж во специјализацијата, односно супспецијализацијата во која специјализантот се усовршува,
- да се овозможува пристап до домашна и странска стручна литература (печатена и во електронска форма) во согласност со современата медицинска наука,
- да имаат организирани активности за следење на квалитетот на здравствената заштита.

По исклучок од став 1 алинеја 4 на овој член, за спроведување на практичниот дел од специјализацијата по семејна медицина, здравствената установа треба да има еден специјалист по семејна медицина, а за спроведување на практичниот дел од специјализацијата во општа болница или специјализирана болница, во служба за итна медицинска помош или во здравствен дом, во ургентен центар или во клиничка болница треба да има најмалку двајца специјалисти, односно супспецијалисти со најмалку три години специјалистички стаж на специјализацијата, односно супспецијализацијата во која специјализантот се усовршува.

Член 8

Практичниот дел од плановите и програмите за специјализации, односно супспецијализации се спроведува во здравствена установа, која ги исполнува условите од член 7 став 1 од овој правилник, овластена од страна на Министерството за здравство по претходно доставено барање за давање на овластување, во кое се наведени гранките и деловите од специјализациите, односно супспецијализациите за кои специјализантот, односно супспецијализантот ќе се усовршува и податоци за менторите за спроведување на теоретскиот дел, односно едукаторите за спроведување на практичниот дел од специјализациите, односно супспецијализациите.

Здравствената установа со писмено известување го известува Министерството за здравство за секоја промена во однос на нејзината организација, кадар, простор и медицинско-техничка опременост најдоцна 30 дена од денот на настанувањето на промената.

Ако престанало овластувањето на здравствената установа поради неисполнување на некој од поблиските критериуми утврдени во членот 7 од овој правилник, стажот на специјализација и супспецијализација продолжува да се спроведува во друга овластена здравствена установа.

V. ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИТЕ И СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА МЕДИЦИНАТА

Член 9

Здравствените работници со високо образование од областа на медицината запишани на специјализација односно супспецијализација на една од гранките на медицина и здравствените соработници запишани на специјализација на една од гранките на медицина во текот на спроведувањето на специјализацијата односно супспецијализацијата, стекнуваат теоретски и практични, стручни знаења и научни сознанија во согласност со плановите и програмите за специјализациите од областа на медицината на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование, дадени во Прилог број 3, кој е составен дел на овој правилник.

VI. КРИТЕРИУМИ ВО ОДНОС НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ИСКУСТВОТО ВО СООДВЕТНАТА ОБЛАСТ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИТЕ, ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИИТЕ ЗА ОВЛАСТЕНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ - МЕНТОР И ЕДУКАТОР

Член 10

Овластениот здравствен работник - ментор треба да биде вработен во високообразовната установа каде се спроведува специјализацијата, односно супспецијализацијата.

Ментор може да биде лице избрано во наставно-научно, научно или насловно звање, од истата специјалистичка, односно супспецијалистичка гранка за која специјализантот се усовршува со најмалку седум години специјалистички стаж, а за специјализацијата по семејна медицина, имунологија, медицинска генетика и клиничка генетика и помалку од седум години.

По исклучок од став 2 на овој член, во случај доколку се јави неможност од реализација на планот за специјализација и супспецијализација како резултат на недостаток од ментори, ментор може да биде асистент и/или асистент докторанд, специјалист односно супспецијалист од истата специјалистичка односно супспецијалистичка гранка за која специјалистот се усовршува со најмалку седум години специјалистички односно супспецијалистички стаж во здравствена установа во која се спроведува терциерна или секундарна здравствена заштита.

Менторот, распределен според листата на ментори на соодветната катедра, го води специјализантот, односно супспецијализантот за период додека трае специјализацијата, односно супспецијализацијата, односно до положување на специјалистичкиот, односно супспецијалистичкиот испит.

Член 11

За време на спроведувањето на стажот на специјализацијата, односно супспецијализацијата, менторот се грижи за нивното правилно спроведување, врши координација и го следи напредокот на специјализантот, врши проверка на знаењето и совладувањето на вештините и се грижи за точноста на податоците запишани во специјализантската книшка.

Член 12

Издавањето на овластувањето на менторот се врши од страна на Министерството за здравство по доставен предлог од страна на високообразовната установа каде е вработен менторот и каде што се спроведува специјализацијата, односно супспецијализацијата, со приложени докази дека кандидатот ги исполнува поблиските критериуми од член 10 од овој правилник.

Овластувањето за спроведување на теоретскиот и практичниот дел на специјалистичкиот стаж се издава на образец кој се печати на хартија во А4 формат кој е даден во Прилог број 4, и е составен дел на овој правилник.

Член 13

Одземањето на овластувањето на менторот се врши од страна на Министерството за здравство по доставен предлог од страна на високообразовната установа во која е вработен менторот и каде што се спроведува специјализацијата, односно супспецијализацијата со приложени докази дека менторот не ја врши работата од член 11 од овој правилник.

Член 14

Престанок на овластувањето на менторот се врши од страна на Министерството за здравство по доставен предлог од страна на високообразовната установа каде е вработен менторот и каде што се спроведува специјализацијата, односно супспецијализацијата, по претходно доставено барање од менторот во кое се наведени причините поради кои се бара престанок на овластувањето.

Член 15

Овластениот здравствен работник - едукатор треба да биде вработен во овластената здравствена установа каде се спроведува практичниот дел од специјализацијата, односно супспецијализацијата.

Едукатор може да биде специјалист односно супспецијалист од истата специјалистичка односно супспецијалистичка гранка за која специјализантот се усовршува, кој има најмалку пет години специјалистички, односно супспецијалистички стаж.

VII. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ, ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТАЖ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 16

Здравствените работници и здравствените соработници со високо образование започнуваат со спроведување на специјалистичкиот, односно супспецијалистичкиот стаж по добивање на решение за одобрување на специјализација, односно супспецијализација од страна на високообразовната установа што ја спроведува специјализацијата, односно супспецијализација, најдоцна два месеца од денот на објавувањето на јавниот оглас за пријавување на кандидати за одобрување на специјализацијата, односно супспецијализација на здравствени работници и здравствени соработници со високо образование (во

натамошниот текст: јавен оглас) во најмалку два дневни весника кои се издаваат на територијата на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, согласно Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи.

Од страна на јавната здравствена установа, односно приватната здравствена установа, односно невработениот здравствен работник, се доставува барање за одобрување на специјализација, односно супспецијализација до високообразовната установа најдоцна 30 дена од денот на објавувањето на јавниот оглас, кон кое е приложена потребната документација согласно Законот за здравствената заштита.

По завршување на јавниот оглас од страна на високообразовната установа за кандидатите вработени во здравствените установи од став 2 на овој член, односно невработените здравствени работници, се прави ранг листа составена врз основа на бројот на бодови пресметани согласно подзаконскиот пропис за начинот на пресметување на пондерот за бодовите за просечниот успех на кандидатот постигнат во високото образование и успехот по предметот од областа од која се доделува специјализацијата, односно супспецијализацијата.

Член 17

Специјализантот започнува со специјализација, односно супспецијализација на денот определен од високообразовната установа во решението за одобрување на специјализацијата, односно супспецијализацијата.

Менторот го подготвува распоредот за спроведување на програмата за специјализација, односно супспецијализација, и договара спроведување на стажот за специјализација, односно супспецијализација.

Делот на програмата на специјализација и супспецијализација кој е заеднички за сите специјалистички, односно супспецијалистички програми содржи теоретска настава од следните области:

- научноистражувачка работа,
- донесување клиничка одлука,
- комуникациски вештини,
- јавно здравство,
- способност на стекнување и пренесување на знаење,
- етика и прописи и
- промоција на здравјето.

Делот од програмата од став 3 на овој член, се спроведува во високообразовните установи во време не повеќе од 15% од вкупниот број на часови од предвидената теоретска настава.

Супспецијализацијата од сите гранки на медицината се изведува само во здравствени установи во кои се спроведува терциерна здравствена заштита.

Член 18

Планот и програмата за специјализација, односно супспецијализација се спроведуваат без прекин, а стажот на специјализацијата, односно супспецијализацијата завршува по успешното завршување на сите турнуси по

утврдената програма и спроведувањето на сите постапки и интервенции во текот на стажот на специјализацијата, односно супспецијализацијата.

По исклучок од став 1 на овој член, на барање на јавната здравствена установа која го испратила специјализантот на специјализација или на барање на приватниот специјализант, може високообразовната установа каде што се спроведува специјализацијата да одобри времен прекин на специјализацијата најмногу до шест месеци, и продолжува по завршување на причините за прекинот за толку време колку што траел прекинот.

Специјализантот полага колоквиум најдоцна три месеци по завршување на турнусот.

Ако во текот на траењето на специјализацијата, односно супспецијализацијата менторот утврди дека специјализантот не ги извршува задачите од утврдената програма или пак нема склоност спрема областа за која се усовршува, за тоа писмено ја известува високообразовната установа и здравствената установа за чии потреби тој здравствен работник специјализира.

Член 19

Спроведувањето на планот и програмата на специјалистичкиот стаж се впишува во специјализантска книшка, во која се внесуваат точни и целосни податоци особено за започнувањето и завршувањето на специјалистичкиот стаж, времето на вршење на турнусот, за исполнетите постапки предвидени со соодветниот дел на специјализацијата, стекнатите компетенции, односно вештини дефинирани со програмата за соодветниот турнус, присуството на специјализантот на теоретската настава согласно програмата, евентуалниот прекин на специјалистичкиот стаж и мислењето на менторот за спроведениот стаж на специјализантот и за исполнетоста на условите за полагање на специјалистичкиот испит.

Спроведените постапки и интервенции во текот на стажот на специјализациите посебно за секоја специјализација се евидентираат во текот на стажот на специјализациите во книгата за евиденција за спроведените постапки и интервенции во која се внесуваат точни и целосни податоци особено за насловот на турнусот, видот на постапката, односно интервенцијата, датумот и здравствената установа во која е изведена постапката, односно интервенцијата, како и дали е изведена самостојно или под надзор.

Спроведените постапки и интервенции во текот на стажот на специјализациите евидентирани во книгата за евиденција од став 2 на овој член во целост треба да одговараат на содржината на стажот утврден во програмите за специјализациите на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование.

За полагање на специјалистичкиот испит специјализантот треба да достави точно и целосно пополнета специјализантска книшка од став 1 на овој член и точно и целосно пополнета книга за евиденција за спроведените постапки и интервенции од став 2 на овој член.

Член 20

Високообразовната установа може да одобри префрлање од една во друга специјализација на барање на јавната здравствена установа, односно специјализантот на приватна специјализација доколку постојат услови за тоа.

VIII. НАЧИН НА ПОЛАГАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ, ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ИСПИТ

Член 21

По спроведување на сите постапки и интервенции содржани во планот и програмата за специјализација, односно супспецијализација, а пред полагањето на специјалистичкиот, односно супспецијалистичкиот испит специјализантот, односно супспецијализантот полага предиспитен завршен колоквиум. Предиспитниот завршен колоквиум специјализантот, односно супспецијализантот може да го полага најмногу три пати во период од три последователни месеци.

За полагање на предиспитниот завршен колоквиум од став 1 на овој член, специјализантот треба:

- да има книшка за специјализација/супспецијализација со уредно завршени и заверени делови од стажот на специјализацијата, односно супспецијализацијата,
- да ги има положено сите колоквиуми,
- да има писмена согласност дадена од менторот, и
- да има објавено како автор или коавтор најмалку еден научен труд во меѓународно списание кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат најмалку пет земји, при што бројот на членовите од една земја не може да надминува 40% од вкупниот број на членови, кое се издава најмалку пет години непрекинато и има најмалку десет изданија во последните пет години, или да биде автор или коавтор на апстракт објавен во зборник на конференција.

Член 22

Специјалистичкиот, односно супспецијалистичкиот испит, специјализантот го полага најдоцна шест месеци од денот на завршување на стажот на специјализација, односно супспецијализација, за што специјализантот, односно супспецијализантот поднесува пријава за полагање на специјалистичкиот односно супспецијалистичкиот испит најмалку 30 дена пред да се полага испитот.

Предиспитниот завршен колоквиум и специјалистичкиот испит се полагаат пред испитни комисии формирани од страна на високообразовната установа, кои се состојат од тројца членови и нивни заменици.

Од страна на високообразовната установа се одобрува полагањето на специјалистичкиот, односно супспецијалистичкиот испит, се именуваат членовите на испитната комисија, нивните заменици, записничар, како и се определува датумот на полагање на специјалистичкиот, односно супспецијалистичкиот испит.

Член 23

Специјалистичкиот, односно супспецијалистичкиот испит се состои од писмен, усмен и практичен дел.

Писмениот дел од испитот специјализантот, односно супспецијализантот го полага непосредно пред усниот и практичниот дел, со писмено одговарање на прашања поставени од членовите на испитната комисија.

Писмениот дел од испитот специјализантот, односно супспецијализантот може повторно да го полага во период не пократок од 30 дена и не подолг од 60 дена сметано од денот кога го полагал, но не го положил писмениот дел од специјалистичкиот испит.

Член 24

Усниот дел од испитот се состои од усно одговарање на поставени прашања од страна на членовите на испитната комисија.

Практичниот дел од испитот се состои од преглед, анамнеза и поставување на дијагноза на пациент и завршува со изведување на конкретна интервенција кај пациент со препорака за соодветна терапија и начин за понатамошен третман, односно процедури, постапки и/или интервенции кои се предвидени со програмата за специјализација.

Член 25

За полагањето на специјалистичкиот испит се води записник на образец кој е даден во Прилог број 5 и е составен дел на овој правилник.

За полагањето на супспецијалистичкиот испит се води записник на образец кој е даден во Прилог број 6 и е составен дел на овој правилник.

Во записниците од ставовите 1 и 2 на овој член, испитната комисија констатира дека специјализантот, односно супспецијализантот го положил, односно не го положил испитот.

Оценката се донесува со мнозинство на гласови од членовите на испитната комисија.

Записникот го потпишуваат сите членови на комисијата и записничарот.

Ако по повторното полагање специјализантот, односно супспецијализантот не го положи специјалистичкиот, односно супспецијалистичкиот испит, се упатува на повторно спроведување на специјалистичкиот односно супспецијалистичкиот стаж со време на траење кое го одредува испитната комисија и кое не може да биде пократко од 60 дена.

Ако специјализантот, односно супспецијализантот не се пријави за полагање на специјалистичкиот испит или се откаже од започнатиот испит без оправдани причини се смета дека испитот не го положил и треба да го повтори во период кој ќе го определи испитната комисија, а кој не треба да биде подолг од 60 дена.

Член 26

По положувањето на специјалистичкиот испит, од страна на високообразовната установа се издава уверение за специјалист на образец кој е даден во Прилог број 7 и е составен дел на овој правилник и специјализантот се стекнува со стручен назив специјалист од соодветната гранка на специјализација.

По положувањето на супспецијалистичкиот испит, од страна на високообразовната установа се издава уверение за супспецијалист на образец кој е даден во Прилог број 8 и е составен дел на овој правилник и супспецијализантот се стекнува со стручен назив супспецијалист од соодветната гранка на супспецијализација.

IX. ОБРАЗЕЦ НА СПЕЦИЈАЛИЗАНТСКА КНИШКА

Член 27

Вршењето на специјалистичкиот, односно супспецијалистичкиот стаж се запишува во специјализантска книшка.

Специјализантската книшка е со правоаголна форма, со зелена боја, во големина од 12 x 17 см. со корици изработени од тврда хартија и содржи 56 страници.

Образецот на специјализантската книшка е даден во Прилог број 1, и е составен дел на овој правилник.

X. ОБРАЗЕЦ НА КНИГАТА ЗА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ ПОСТАПКИ И ИНТЕРВЕНЦИИ ВО ТЕКОТ НА СТАЖОТ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИТЕ И СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИИТЕ

Член 28

Во Книгата за евиденција за спроведените постапки и интервенции во текот на стажот на специјализациите и супспецијализациите се евидентираат спроведените постапки и интервенции во текот на стажот на специјализациите, односно супспецијализациите, посебно за секоја специјализација, односно супспецијализација, кои во целост треба да одговараат на содржината на стажот утврден во програмите за специјализациите, односно супспецијализациите на здравствените работници, односно здравствените соработници.

Книгата за евиденција е со правоаголна форма, со светло зелена боја, во големина од 14,5 x 20,5 см. со корици изработени од тврда хартија и содржи 219 страници.

Образецот на Книгата од став 1 на овој член, е даден во Прилог број 2 и е составен дел на овој правилник.

XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 29

Здравствените работници - специјалисти по примарна здравствена заштита кои специјализацијата ја завршиле согласно Правилникот за специјализациите и супспецијализациите на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 89/06, 65/07, 36/08 и 122/10) се смета дека имаат завршена специјализација по семејна медицина.

На здравствените работници - специјалисти по општа медицина кои работат како избрани лекари во стажот за специјализација по семејна медицина им се признава 33 месеци стаж на специјализација.

На здравствените работници - специјалисти по педијатрија, медицина на трудот и акушерство и гинекологија кои работат како избрани лекари во стажот за специјализација по семејна медицина им се признава 27 месеци стаж на специјализација.

Член 30

На здравствените работници со завршен медицински факултет кои до добивањето на решение за одобрување на специјализација поминале на работа во дејноста општа медицина и кои работат или кои работеле како избрани лекари од три до шест години, во стажот за специјализација по семејна медицина им се признава 24 месеци стаж на специјализација.

На здравствените работници со завршен медицински факултет кои до добивањето на решение за одобрување на специјализација поминале на работа во дејноста општа медицина и кои работат или кои работеле како избрани лекари од седум до 14 години, во стажот за специјализација по семејна медицина им се признава 27 месеци стаж на специјализација.

На здравствените работници со завршен медицински факултет кои до добивањето на решение за одобрување на специјализација поминале на работа во дејноста општа медицина и кои работат или кои работеле како избрани лекари повеќе од 14 години, во стажот за специјализација по семејна медицина им се признава 30 месеци стаж на специјализација.

Признавањето на стажот за специјализација по семејна медицина за здравствените работници од ставовите 1, 2 и 3 на овој член, ќе се врши заклучно со 31 декември 2025 година.

Решението за признавање на стажот на специјализација од ставовите 1, 2 и 3 на овој член се донесува од страна на високообразовната установа во која се спроведува специјализацијата по барање на здравствениот работник.

Член 31

Здравствените работници со високо образование од областа на медицината кои до денот на влегувањето во сила на овој правилник се запишани на специјализација по вонболничка или болничка педијатрија, продолжуваат да специјализираат по планот и програмата за специјализација по педијатрија, согласно одредбите од овој правилник.

Член 32

Здравствените работници и здравствени соработници со високо образование кои ја започнале специјализацијата, односно супспецијализацијата пред денот на влегувањето во сила на овој правилник, стажот и специјалистичкиот, односно супспецијалистичкиот испит ќе го спроведат и ќе го полагаат согласно одредбите од овој правилник.

Член 33

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за специјализациите и супспецијализациите на здравствените работници со високо образование од областа на медицината („Службен весник на Република Македонија” бр. 85/15).

Член 34

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 17-3530/1
4 мај 2020 година
Скопје

Министер,
доц. д-р **Венко Филипче,** с.р.

Прилог број 1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ _____

СПЕЦИЈАЛИЗАНТСКА КНИШКА

место за фотографија
(4.5x6см)

(потпис)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „_____”

_____ ФАКУЛТЕТ

во _____

_____

(Специјализација/супспецијализација)

Досие бр._____

СПЕЦИЈАЛИЗАНТСКА КНИШКА

_____
(име, татково име, презиме)

_____
(датум на раѓање, место, општина и држава)

_____
ДЕКАН

Матична установа на специјализантот

_____

Специјализацијата/супспецијализацијата е одобрена со Решение на бр._____

Високообразовната установа _____

Од _____ 20 ___год.

Ментор/коментор:_____

Специјалистичкиот
супспецијалистичкиот стаж започнат
год.

Установа

Место _____

_____

_____

Раководител

(М.П.) _____

Специјалистичкиот
супспецијалистичкиот стаж завршен
год.

Установа

_____

Место

_____

_____

Раководител

(М.П.) _____

Код на предметот	
Назив на предмет /турнус	
Установа	
Период на спроведувањее на турнусот	Од———— г. До————
Установа/ Правно лице	
Период на спроведувањее на турнусот	Од———— г. До————
Установа	
Период на спроведувањее на турнусот	Од———— г. До————

Специјализантот _____
ги исполнува сите пропишани процедури и постапки предвидени за овој дел на специјализацијата и се стекнува со компетенции / вештини дефинирани со програмата за овој турнус.

Едукатор Ментор

_____ _____

Теоретска настава	
Семестар	
Период на спроведување на настава	Од _____ г. До _____ г.
Вид на теоретска настава	1. научно - истражувачка работа 2. донесување на клиничка одлука 3. комуникациски вештини 4. јавно здравство 5. способност на стекнување и пренесување на знаење 6. етика и прописи 7. промоција на здравјето 8. странски јазик
Број на часови	

Специјализантот _____
ја посетуваше теоретската настава предвидена со програмата.

Лице кое ја одржува наставата Ментор

_____ _____

Теоретска настава	
Семестар	
Период на спроведувањее на турнусот	Од _____ г. до _____
Вид на обука	1. обука за користење на интегрираниот здравствен информатички систем 2. обука за правилникот за хоспитална култура и 3. обука за рационална употреба на лекови и ресурси
Број на часови	

Специјализантот _____
ја посетуваше теоретската настава предвидена со програмата.

Лице кое ја одржува наставата Ментор

_____ _____

Наслов на турнусот	
Установа/Правно лице	
Период на спроведувањее на турнусот	Од _____ г. До _____ г.
Број на часови поминати во Медицински симулациски центар	
Вкупен број на случаи со различни витални параметри	
Број на животозагрозувачки (ургентни) слуачаи различни витални параметри	
Архивски број на потврдата издадена од Медицинскиот симулациски центар	
Архивски број на видеоснимаката	

Специјализантот
ги исполнува сите пропишани процедури и постапки предвидени со овој дел на специјализацијата и се стекнува со компетенции/ вештини дефинирани со програмата за овој турнус.

Едукатор Ментор

_____ _____

Наслов на турнус	
Установа/Правно лице	
Период на спроведувањее на турнусот	Од _____ г. До _____ г.
Вкупен број на обдукции	
Број на самостојно извршени обдукции	
Број на обдукции извршени во група	

Специјализантот _____
ги исполнува сите пропишани процедури и постапки предвидени со овој дел на специјализацијата и се стекнува со компетенции/ вештини дефинирани со програмата за овој турнус.

Едукатор Ментор

_____ _____

I С Е М Е С Т А Р

Потврдува

_____ _____

(дата на упис) (име, презиме и потпис на раководител на катедра)

Специјализантот/супспецијализантот ја посетувал
теоретската и практичната
настава според Програмата

Од _____

До _____

Декан

_____

II С Е М Е С Т А Р

Потврдува

_____ _____

(дата на упис) (име, презиме и потпис на раководител на катедра)

Специјализантот/супспецијализантот ја посетувал
теоретската и практичната
настава според Програмата

Од _____

До _____

Декан

_____

III С Е М Е С Т А Р

Потврдува

_____ _____

(дата на упис) (име, презиме и потпис на раководител на катедра)

Специјализантот/супспецијализантот ја посетувал
теоретската и практичната
настава според Програмата

Од _____

До _____

Декан

_____

IV С Е М Е С Т А Р

Потврдува

_____ _____

(дата на упис) (име, презиме и потпис на раководител на катедра)

Специјализантот/супспецијализантот ја посетувал
теоретската и практичната
настава според Програмата

Од _____

До _____

Декан

_____

V СЕМЕСТАР

Потврдува

_____ _____

(дата на упис) (име, презиме и потпис на раководител на катедра)

Специјализантот/супспецијализантот ја посетувал
теоретската и практичната
настава според Програмата

Од _____

До _____

Декан

_____

VI СЕМЕСТАР

Потврдува

_____ _____

(дата на упис) (име, презиме и потпис на раководител на катедра)

Специјализантот/супспецијализантот ја посетувал
теоретската и практичната
настава според Програмата

Од _____

До _____

Декан

_____

VII С Е М Е С Т А Р

Потврдува

_____ _____

(дата на упис) (име, презиме и потпис на раководител на катедра)

Специјализантот/супспецијализантот ја посетувал
теоретската и практичната
настава според Програмата

Од _____

До _____

Декан

_____

VIII С Е М Е С Т А Р

Потврдува

_____ _____

(дата на упис) (име, презиме и потпис на раководител на катедра)

Специјализантот/супспецијализантот ја посетувал
теоретската и практичната
настава според Програмата

Од _____

До _____

Декан

_____

IX СЕМЕСТАР

Потврдува

_____ _____

(дата на упис) (име, презиме и потпис на раководител на катедра)

Специјализантот/супспецијализантот ја посетувал
теоретската и практичната
настава според Програмата

Од _____

До _____

Декан

_____

X СЕМЕСТАР

Потврдува

_____ _____

(дата на упис) (име, презиме и потпис на раководител на катедра)

Специјализантот/супспецијализантот ја посетувал
теоретската и практичната
настава според Програмата

Од _____

До _____

Декан

_____

XI СЕМЕСТАР

Потврдува

_____ _____

(дата на упис) (име, презиме и потпис на раководител на катедра)

Специјализантот/супспецијализантот ја посетувал
теоретската и практичната
настава според Програмата

Од _____

До _____

Декан

_____

XII СЕМЕСТАР

Потврдува

_____ _____

(дата на упис) (име, презиме и потпис на раководител на катедра)

Специјализантот/супспецијализантот ја посетувал
теоретската и практичната
настава според Програмата

Од _____

До _____

Декан

_____

ПРЕКИН НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ/СУПСПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТАЖ

Заверува

(М.П.) _____

Мислење на менторот/коментерот за спроведениот стаж на специјализантот, односно супспецијализантот

З а к л у ч о к: специјализантот, односно супспецијализантот ги исполнува условите за полагање на специјалистичкиот/супспецијалистичкиот испит

Ментор

_____

Прилог број 2

КНИГА ЗА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ ПОСТАПКИ И ИНТЕРВЕНЦИИ ВО ТЕКОТ НА СТАЖОТ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИТЕ И СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИИТЕ

Име и презиме: _____
(име и презиме на специјализантот/супспецијализантот)

Специјализација/супспецијализација:_____
(назив на специјализацијата/супспецијализацијата)

Одобрена за: _____
(установа за која специјализира/супспецијализира)

Ментор/коментор: _____
(име и презиме)

Почеток на специјалистичкиот/супспецијалистичкиот стаж: _____
(датум)

ЕВИДЕНЦИЈА НА ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ

Стр. 3

Наслов на турнус
Институција каде се обавува турнусот

дата	Дневна активност *(описно)*	бр. на извршени интервенции	
		Со стручен надзор	самостојно

дата	Дневна активност *(описно)*	бр. на извршени интервенции	
		Со стручен надзор	самостојно

дата	Дневна активност *(описно)*	бр. на извршени интервенции	
		Со стручен надзор	самостојно

дата	Дневна активност *(описно)*	бр. на извршени интервенции	
		Со стручен надзор	самостојно

дата	Дневна активност *(описно)*	бр. на извршени интервенции	
59.	Биохемија и дијагностика на тумори - тумор-маркери
60.	Слободни радикали и оксидативен стрес
61.	**Запознавање со принципите на техниките кои се применуваат во медицинско-биохемиските лаборатории** спектрофотометриски, фотометриски, нефелометриски; електрофоретски техники (целогел, натриум додедил сулфат полиакриламид гел електрофореза, градиентна неденатурирачка полиакриламид гел електрофореза); хроматографија, гел-филтрација; принцип на јонселективни анализатори; ЕЛИСА; хемилуменисценција, флуоцитометрија

БИОХЕМИЈА НА ИМУНОЛОШКИОТ СИСТЕМ	10 часови
1.	Противгени и противтела имуногеност наспроти противгеност, епитопи, основна структура на противтела, противтелни врзни места, противтелно остварени противтелни функции, противтелни класи и биолошка активност, противгени одредници врз имуноглобулините, Б-клеточен рецептор, имуноглобулинска суперфамилија, моноклонски противтела
2.	Организација и прикажување имуноглобулински гени создавање и генетски модел соодветен за Иг структурата, мултигена организација на Иг гените, преуредување гени во варијабилното подрачје, механизми за генско преуредување во варијабилното подрачје, создавање противтелно различје, превклучување класи во гените од константното подрачје, прикажување Иг гени, синтеза склопување и лачење Иг, регулација на Иг генско пропишување, противтелни гени и противтелен инженеринг

3.	Противген-противтелни меѓудејства: принципи и примени јакост на противген-противтелните меѓудејства, вкрстена реактивност, површна плазмонска резонанца (ППР), таложни реакции, аглутинациски реакции, радиоимуно одредување, ензимско врзано имуносорбентно одредување, Вестерново дамкосување, имуно таложење, имунофлуоресценција, проточна цитометрија и флуоресценција, алтернативи на противтелно противгените реакции, имуноелектронска микроскопија
4.	Систем на комплемент функција на комплемент, компоненти на комплементот; активација на комплементот; регулација на комплементот; биолошки последици од активација на комплементот; недостатоци во системот на комплемент
5.	Главен комплекс на ткивната совпадливост (ГТК=MHC) и презентација на противгените општа организација и наследување на ГТК, молекули и гени на ГТК; детална геномска карта на ГТК гените; клеточно прикажување на ГТК молекулите; регулација на прикажувањето на ГТК молекулите; ГТК и подложност на болест; ГТК и имунолошки одговор; ГТК рестрикција на Т-клетките; улога на противген-прикажувачките клетки; докази за различни патишта за процесуирање и презентирање на противгени; ендогени противгени: цитосол-пат; егзогени противгени: ендоцитен пат; вкрстено прикажување на надворешни противгени; прикажување на непротеински противгени
6.	Реакции на пречувствителност класификација на Гел и Кумбс; ИгЕ-остварена пречувствителност (Тип-1); антитело-остварена цитотоксична пречувствителност (Тип-2); имунолошки комплекс-остварена пречувствителност (Тип-3); одложен тип на пречувствителност (Тип-4)
7.	Имунолошка толеранција и автоимунитет воспоставување и одржување на имунолошката толеранција; орган-специфични автоимуни заболувања; системски автоимуни заболувања; механизам за индукција на автоимуност; третман на автоимуните заболувања
8.	Трансплантациска имунологија имунолошка основа за отфрлање трансплантат; клинички манифестации на отфрлање трансплантат; општа имуносупресивна терапија; специфична имуносупресивна терапија; имунолошка толеранција на алотрансплантат; клиничка трансплантација
9.	Имунолошки одговор кон заразни заболувања вирусни инфекции, бактериски инфекции, паразитни болести, габични болести, појавување заразни заболувања
10.	Вакцини активна и пасивна имунизација; создавање вакцини со активна имунизација; живи, атенуирани вакцини, деактивирани или „убиени“ вакцини; поединечни вакцини, конјугатни вакцини, ДНК вакцини, рекомбинатни векторски вакцини
11.	Имунолошки недостатоци првични имунолошки недостатоци; СИДА и други стекнати или вторични имунолошки недостатоци

РАБОТА СО РАДИОИЗОТОПИ	5 часови
1. Вовед во работа со радиоактивни изотопи	
2. Инструменти за детекција и мерење на радиоактивноста - принципи на детекција, јонизациски и сцинтилациски детектори	
3. Тестови со користење на радиоактивни изотопи тест за детекција на инфекција со Хеликобактер пилори; одредување на ниво на витамин B_{12}, одредување на Холо-трнскобаламин-II, Шилингов тест, деоксиуридин супресиски тест	
4. Радиоимуноесеј - принцип, методологија, сензитивност, специфичност, апликација	
5. Правила и упатства за ракување, чување и складирање на радиоактивен материјал	

ФАРМАКОЛОГИЈА И ФАРМАКОТОКСИКОЛОГИЈА	8 часови
1. Основни поими за фармакокинетика апсорбција, дистрибуција, биотрансформација и елиминација на лекови; основни фармакокинетички параметри, начин на нивно пресметување и нивна интерпретација	
2. Клинички испитувања на лекови клинички развој на лековите; планирање и подготовка на клиничко испитување; регрутирање и вклучување на испитаници во клиничко испитување; дефинирање на биохемиските маркери во спроведувањето на клиничкото испитување и нивното значење	
3. Биолошка расположливост и биоеквивалентност на лекови основни поими за биолошка расположливост и биоеквивалентност на лековите; значење на биоеквивалентните студии во развојот на генеричките лекови; планирање и изведување на биоеквивалентни студии; дефинирање и интерпретација на биохемиските маркери при селекција на испитаници за спроведување на биоеквивалентни студии; биоаналитички методи за одредување на концентрации на лекови во биолошки материјал; валидација на методи; стандардни оперативни процедури	
4. Мониторирање на концентрации на лекови во биолошки материјал значење на одредувањето на концентрациите на лековите во биолошки материјал и индивидуализација на режимот на дозирање во однос на концентрациите на лековите во биолошки материјал; методи за одредување концентрации на лекови во биолошки материјал; течно-течни и течно-цврсти екстракциски техники	

ГЕНЕТИКА	7 часови
Основи на генетиката	
1. Структура и функција на ДНК	
2. Структура и функција на хромозомите	
3. Структура и функција на човечкиот геном	
Молекуларна генетика	
4. Пристапи во молекуларна дијагностика	

5.	Методи за анализа на нуклеински киселини изолација на нуклеински киселини, методи на полимеразно-верижна реакција - ПВР (PCR = Пи-си-ар) (PCR, RT PCR, QF PCR), електрофореза на нуклеински киселини (агароза гел, полиакриламид гел електрофореза, капиларна електрофореза), Садерново дамкосување, Нордерн-дамкосување, ДНК секвенционирање
6.	Асоцијација на полиморфизми со болести
	Биохемиска генетика
7.	Таксономија на наследните метаболички нарушувања (НМН)
8.	Скрининг на популацијата и селективен скрининг за НМН
9.	Основни клинички и дијагностички карактеристики на лизозомните, пероксизомните и митохондријалните нарушувања и нарушувања на аминокиселинскиот и метаболизмот на сахаридите
10.	Диференцијална дијагноза и третман на перакутни и интермитентни НМН и откривање хетерозиготи
	Медицинска цитогенетика и флуоресцентна ин ситу хибридизација
11.	Нормална хромозомска варијабилност
12.	Изработка на кариотип од лимфоцити на периферна крв
13.	Изработка на кариотип од други ткива
	Онкогенетика
14.	Основни принципи на карциногенеза
15.	Видови гени вклучени во карциногенеза (онкогени, тумор-супресор гени, микро РНК) и геномска нестабилност
	Едногенски и повеќегенски болести
16.	Дијагностика на генски болести во различни области на медицината
17.	Мултифакторски болести
18.	Типови на наследување на болестите
	Етика и квалитет во лабораториската генетика
19.	Етика на генетското тестирање и советување
20.	Начини на организација на работата во лабораторија за молекуларна дијагностика
21.	Самозаштита при работа и спречување на контаминација при работа со анализите кои се употребуваат во лабораторија за молекуларна дијагностика
22.	Обезбедување квалитет (ОЕЦД-препораки, ЕЦА-упатства, ЕуроГентест -И-кју-еј-препораки, национални упатства), акредитација (ИСО 15189)
	Репродуктивна генетика
23.	Различни цитогенетски техники
24.	Цитогенетска анализа кај брачен стерилитет
25.	Изработка на кариотип од амнионска течност
26.	Индикации, начин на изведување и можности на оплодувањето ин витро
	Пренатална дијагноза и генетско советување
27.	Индикации за пренатална дијагноза
28.	Психолошки методи

БИОХЕМИСКИ АСПЕКТИ НА ОНКОЛОГИЈАТА И ПАТОЛОГИЈАТА	15 часови
1. Механизми на воспалението обновување на ткивото и природата на патолошките оштетувања во процесите на повеќе заболувања; употреба на биохемиски, имунолошки и молекуларни техники во модерната патолошка лабораторија	
2. Утврдување стратегија за детекција на карциноми преку биохемиски параметри, тумор маркери, скрининг на тумори примена и ограничување на производите на туморите и ензимите во дијагнозата и следењето на туморите: карциноемброген антиген, алфа-фетопротеин, хуман хорин гонадотропин, вкупен и слободен специфичен антиген на простата CA 19-9, CA 125 и други антигени	
3. Онкогени ензими - кисела фосфатаза, алкална фосфатаза, лактат дехидрогеназа	
4. Хормонски рецептори - одговор на терапија	
5. Онкогенетика - гени одговорни за појава на карциноми	

ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА	15 часови
Основи на трансфузиологијата	
1. Прибирање на крв од доброволни дарители	
2. Специјални видови дарувања (матични клетки, тромбоцити, плазма)	
3. Контрола и чување на крвта од дарители	
4. Клинички значајни еритроцитни крвногрупни антигени и антитела (АБО, Rh, Кел)	
5. ХЛА систем и негова улога во трансфузиологијата и трансплантацијата	
6. Производство на крвни компоненти - деривати, нивно чување, рок на траење	
7. Индикации за употреба на крвни компоненти - деривати и несакани ефекти и реакции	
Општа хемостаза	
8. Патофизиолошки механизми на коагулација регулација на коагулација; молекуларни основи на коагулација; физиолошки и патолошки инхибитори на коагулација	
9. Фибринолиза	
10. *Пореметување на хемостаза*	
11. Патофизиологија на артериска и венска тромбоза	
12. Хемофилии и Вилебрандова болест	
13. Дисеминирана интраваскуларна коагулација	

ХЕМАТОЛОГИЈА	15 часови
1. Физиологија и биохемија на крвни клетки морфологија на крвните клетки во коскена срцевина и хематопоеза, создавање на црвени крвни клетки, ензими, метаболизам, матурација (зреење) на еритроцити, леукоцити и тромбоцити во коскена срцевина; цитокините како регулаторни фактори на еритропоеза	

2.	Хематопоетски нарушувања мегалобластни анемии; хемолитичка анемија и анемија предизвикана од акутно губење на крв; апластилна анемија миелодисплазија и синдром на нарушување на коскена срцевина; дефицит на железо и други хиперпролиферативни анемии; полицитемија вера
3.	Акутна и хронична миелоидна леукемија морфолошка, цитохемиска и имуноцитохемиска молекуларни и цитогенетски испитувања во диференцијална дијагноза на акутните и хроничните леукемии, лимфоми и миелопролиферативни и миелодиспластични заболување
4.	Малигнитети на лимфоидни клетки
5.	Нарушувања на плазма клетки
6.	Трансплантација на хематопоетски клетки
7.	Патофизиологија на тромбоцитопенија и тромбоцитоза кај реактивни и малигни процеси имунотромбоцитопенија и тромботска тромбоцитопениска пурпура; улога на тромбоцитите во крварењето и во тромбозата; патофизиологија на наследените и стекнатите функционални пореметувања на тромбоцитите; лабораториски тестови за различни типови на Вон-Вилебрандова болест; антитромбоцитна терапија, испитување на тромбоцитните антитела со флоуцитометрија

МИКРОБИОЛОГИЈА	15 часови
	Општи аспекти на микробиологијата
1.	Место и значење на микробиологијата
2.	Запознавање со нормалната флора на човечкото тело и нејзиното значење
3.	Дефиниција на инфекција и инфективни заболувања
4.	Запознавање со најчести патогени: бактерии и вируси
5.	Патогенеза на инфекциите
6.	Видови класи на антитела и нивна продукција како одговор на домаќинот
7.	Вирусни инфекции и антивирусни агенси
8.	Стерилизација
9.	Дезинфекција и дезинфекциски средства
10.	Антимикробни средства - техники за испитување на чувствителноста на бактериите
11.	Техники на земање примероци и начин на ракување со нив
12.	Теоретски аспекти при дијагностичките постапки за одбирање и земање соодветен примерок за микробиолошка анализа (крв, спутум, пунктат, урина, фецес)
13.	Садење на примерокот на соодветни подлоги, услови и време на култивација
14.	Анализа и идентификација на пораснатите колонии, биохемиски и автоматизирани тестови за идентификација
15.	Тестови за утврдување на чувствителноста на бактериите кон соодветни антимикробни средства (диск-дифузиски, Е-тест, автоматизиран метод)

16.	Запознавање со методите на серолошка дијагностика: DIF, IIF, ЕЛИСА и друго
17.	Запознавање со методите на молекуларна дијагностика
18.	Анализа на одредени резултати и полемика за клинички и микробиолошки аспекти при одредени дијагнози и можности за аплицирање соодветна терапија
	Општи аспекти на медицинска паразитологија со микологија
19.	Методи за дијагноза на миколошки заболувања детекција на почестите етиолошки агенси (квасници, Aspergillus Spp); култивација на соодветни подлоги, специјални боења, серолошки, автоматизирани и молекуларни тестови; тестови за чувствителност на квасници кон антимикотици (класични и автоматизирани)
20.	Анализа на адултни форми на паразити - техники за детекција на цисти на протозои и јајценца на паразити

МЕНАЏМЕНТ И ОСИГУРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ НА РАБОТАТА ВО ЛАБОРАТОРИЈА	10 часови
1.	Организација и менаџмент на лабораторија организација на рутинска, ургентна и клиничко-биохемиска лабораторија; избор на работни процедури; планирање во лабораторија, избор на опрема и методи, запознавање со „кост-бенефит“ анализи со цени на чинење на тестовите, реагенсите и апаратите; избор и техничка проценка на квалитетот на реагенсите и опремата; изработка на годишни планови на потребите на лабораторијата и изработка на завршни годишни извештаи за извршената работа на лабораторијата
2.	Извештаи за лабораториските анализи
3.	Проценка на квалитет во лабораторијата преку воведување контрола на квалитет на работа, следење и проценка за изведување на контролата
4.	Примена на лабораториска статистика средна вредност, стандардна девијација, медијана, стандардна грешка, анализа на варијанса, Студентов Т-тест, Ф-тест; непараметриска анализа; регресивна анализа; методи за споредување и одредување на референтните вредности на биохемиските параметри, избор на примерок и големина на примерокот, статистичка анализа итн.
5.	Подобрување на продуктивноста и ефективноста на работата во лабораторија
6.	Управување со лабораториска технологија
7.	Примена на стандарди и нормативи во лабораторија
8.	Спроведување заштита на работата во лабораторијата од хемиски, биолошки и физички штетни материи, ракување и заштита од радиоизотопи
9.	Управување со податоците медицинска информатика, испраќање на податоците, телекомуникација, презентација и ракување со добиените резултати
10.	Стратегија за ефикасноста на лабораториското испитување дијагностичка чувствителност, специфичност и точност на тестовите, РОЦ крива; медицина базирана на докази и дијагностички процес

11.	Идентификациски прашања улога на лабораториските испитувања за унапредување на здравствениот исход на пациентот; однос меѓу тестот и исходот; мерење на исходот; план на испитувања и квалитет на доказите
12.	Пребарување на литература и релевантните бази на податоци и анализа и презентација на резултати
13.	Економска проценка на дијагностичкиот тест од доказ до протокол и улога на клиничкото преиспитување
14.	Постојана едукација на персоналот со најновите достигнувања во лабораториската медицина
15.	Едукација на персоналот за пишување и одржување на процедурите на системот на квалитет во лабораторијата
16.	Запознавање со начините на континуирана медицинска едукација учество на семинари, стручни и научни состаноци, дискусија со колеги, презентација на резултатите од работата, следење стручна литература
17.	Основно познавање на клиничката епидемиологија;
18.	Примена на законската и етичката регулатива спроведување на етичките аспекти и конвенции при изработка, интерпретација, известување и користење на медицинско-лабораториските податоци
19.	Познавање на ИСО стандарди принципи на серија ИСО 9000, ИСО 17025, ИСО 15189
20.	Акредитација на лаборатории вовед во лаборатории и одржување на системите на менаџмент на квалитет

ПРАКТИЧЕН ДЕЛ со спроведување на потребниот вид постапки

МЕДИЦИНСКА/КЛИНИЧКА БИОХЕМИЈА	24 месеци

Апарати и инструменти

Специјализантот треба да ја совлада работата на апаратот и да знае да го применува во својата понатамошна работа

1.	Автоматски пипети и пипетор
2.	Општа лабораториска опрема - центрифуги, водени купатила, ваги, микроскопи, pH-метри
3.	Апарати са подготовка на вода - апарати за дестилирана вода и дејонизирана вода, методи за проверка на квалитет на вода
4.	Спектрофотометри, рефрактометри, нефелометри
5.	Пламен фотометри - емисиона и атомска апсорпција
6.	Јон-селективни анализатори - електролити и за друга намена
7.	Гасни анализатори
8.	Апарати за електрофореза и дензитометри
9.	Автоматски и полуавтоматски анализатори за клиничка биохемија, хематологија, хемостаза и разни имунолошки техники (хемилуминисценција, флуоресцентна поларизација)
10.	Апарати за полимеразно-верижна реакција и други амплификатори

11.	Осмометри
12.	Флуорометри
13.	Течна хроматографија под висок притисок
14.	Мали апарати потребни за дислоцирани лаборатории и за „испитувања покрај креветот на болниот“
15.	Флуоцитометри
Специјализантот, квантитативно, треба да знае да одреди	
16.	Јаглени хидрати - гликоза
17.	Липиди и липопротеини - триацилглицероли, вкупен холестерол, HDL- LDL-холестерол, ApoA1, ApoB-100, ApoE и рецептори, електрофореза на липопротеини на целогел ленти - Lp(a), LCAT
18.	Протеини и аминокиселини - вкупни протеин во серум и урина, албумин, електрофореза на протеини, имуноглобулини IgG, IgA, IgM), комплемент систем, микроалбуминурија, Ц-реактивен протеин - специфични протеини: простата специфичен антиген, трансферин, хаптоглобин, алфа-1-антитрипсин, карциноембриогени антиген, α-фетопротеин, хориогонадотропин - фибриноген, IgE, дијагноза на хепатитиси А, Б и Ц со серолошки методи, β-2-микроглобулин, IgD, цикличен имуно комплекс, цистатин С, хомоцистеин
19.	Деградациски производи - Acidum uricum, уреа, креатинин
20.	Биогени амини - метанефрин, ВМА
21.	Електролити - Na, K, Cl, HCO_3, вкупен и јонизиран Ca, P (неорганski), Mg - осмолалност, мерење на интраклеточни електролити
22.	Железо и хемоглобин - железо во серум, капацитет на врзување, заситување со железо, трансферин, феритин
23.	Витамини и елементи во траги - витамин B_{12}, фолна киселина, витамин К - бакар и цинк - холекалциферол и метаболити
24.	Ензими - алкална фосфатаза, амилаза, креатин киназа, γ-глутамил трансфераза, лактат дехидогеназа, липаза, АСТ и АЛТ, протромбин (време на коагулација) - ацетилхолинестераза, ангиотензин конвертинг ензим, изоензими на креатин киназа - изоензими на лактат дехидогеназа, алкална фосфатаза, креатин киназа
25.	Хормони: - тест на бременост (hCG, квантитативен hCG), тироксин, T3, TSH, кортизол во плазма и урина, естрадиол, тестостерон, дехидроепиандростерон сулфат (DHEA-S), прогестерон, фоликулостимулирачки хормон (FSH), лутеинизирачки хормон (LH), пролактин, хормон на раст, инсулин - АСТН, алдостерон, гастрин, С-пептид, глукагон, паратироиден хормон, SHBG, андростендион, неконјугиран естриол - тиреоглобулин, атриален натриуретичен пептид

	Кандидатите треба да бидат запознаени со различните тестови поврзани со функцијата на органите, да знаат квантитативно да ги одредат и медицински да ги валидираат резултатите добиени од испитувањата
26.	Гастроинтестинален тракт и панкреас - ензими на панкреас (амилаза, липаза), пируват
27.	Црн дроб - билирубин-вкупен, конјугиран (директен) и микро (во педијатрија) - ензими: AST, ALT, γGT, серумски протеини, алфа-фетопротеин, имуноглобулини, лактад дехидрогеназа, протромбини, амонијак
28.	Бубрег и уринарен тракт - квалитативна и квантитативна анализа на уринатa, преглед на седимент на урина, кетонски тела во крв и урина, протеинурија, креатинин и уреа во крв, мерење на брзина на гломеруларна филтрација, креатинин клиренс, тестови на концентрација, анализа на бубрежни камчиња, метаболизам на водород, протеинурија, цистатин С, хомоцистеин, β-2-микроглобулин, β-NAG, нефротоксични лекови ензими во урина
29.	Срцеви маркери - ензими: СК-МБ, изоформи на креатин киназа, тропонин, миоглобин, мониторирање на третманот со лекови преку лабораториските тестови - електролити и гасови во крв при хронични срцеви заболувања - атеросклероза: хомоцистеин, С-реактивен протеин, липиди, липопротеини, апопротеини во проценка на ризикот и за следење на терапијата, Apo A, Apo B, Apo C, Apo E - Lp(a) HDL-, LDL-, VLDL, типизација според Фредриксон
30.	Мускулно-коскени, артритиси и ревматски пореметувања - калциум, магнезиум, фосфор во серум, ензими во серум, ацидум урицум - серолошки лабораториски тестови, неоргански фосфор во крв и урина, паратироиден хормон, витамин D, бифосфанати, остеокалцин и пиридинолин вкрстување
31.	Хематолошки заболувања порфирини, хем и жолчни пигменти - ензими и метаболизам - мерење на Hb, хемолитички состојби, серумско железо, капацитет на врзување на железо - трансферин и феритин, жолчни пигменти, метаболизам и дијагноза на жолтица - одредување на хаптоглобин, миоглобинемија и миоглобинурија - анемија, хемолиза
32.	Шеќерна болест - лабораториски тестови за детектирање на шеќерна болест: тип 1, тип 2, инсулин резистентен, гестациски дијабетес - изведување и интерпретација на ОГТТи во бременост - кетоза и ацидоза со млечна киселина - диференцијална дијагноза на кома - хиперосмоларна кома - HbA1C - фруктозамин, албиминурија одредување на С-пептид, испитување на инсулин
33.	Протеини, заболувања поврзани со метаболизмот на протеините и нутриција - протеини на акутна фаза - вкупни протеини во серум, албумин, електрофореза на протеини во серум и урина - причини и детекција на хипоалбуминемија - хипо- и хипералбуминемија, дефициенција на алфа-1-антитрипсин, позитивен и негативен азотен биланс

34.	Заболувања на метаболизмот на пуринот и пиримидинот - ацидум урицум, во дијагноза на гихт и следење на третманот на гихт со лекови - бубрежни конкременти

СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ЛАБОРАТОРИИ
опфатени во рамките на турнусот по медицинска/клиничка биохемија

Биохемија на имунолошкиот систем		*постапки*	15 дена
Имуногенетика			
1.	Типизација на противген од локусите А, Б и Ц (серолошка)	5	
2.	Типизација на противген од локусите А, Б и Ц (молекуларна)	10	
3.	Типизација на противген од локусите ДР и ДКу (молекуларна)	10	
4.	Вкрстена проба и интерпретација	15	
5.	Избор на компатибилен пар дарител-прима тел	15	
6.	ХЛА и болести - определување на релативен ризик и интерпретација	10	
7.	Полиморфизам на цитокинските гени	10	
8.	Полиморфизам на КИР гените	10	
Имунолошка дијагностика			
9.	Одредување на концентрација на белковини на акутна фаза	10	
10.	Интерлеукини и интерферони со ЕЛИСА	10	
11.	Индиректна имунофлуоресценција	10	
12.	Проточна цитометрија (противтромбоцитни противтела, лимфоцитна фенотипизација и друго)	5	
13.	Одредување на Клку, К2, имуноглобулински потклаcи, олигоклонски имуноглобулини и друго со методите на електроимунодифузија и агарозна електрофореза	5	
14.	Имунолошки методи со лимфоцитна микроцитотоксичност	5	
15.	Одредување автопротивтела со ЕЛИСА	50	
16.	Одредување вкупен и специфичен ИгЕ, ИгГ и ИгА со ЕЛИА	20	
17.	Дијагностички постапки во стоматологијата (серолошки и генетски)	5	
18.	Имунолошка дијагностика на дијабетес и толкување	5	
19.	Дијагностика на автоимуни заболувања на ендокриниот систем и толкување	20	
20.	Дијагноза на хемохроматоза и толкување	15	
21.	Тестови за дијагноза на интолеранција на храна и толкување	20	
22.	Определување циркулирачки имунолошки комплекси (ЦИК)		
23.	Имунолошки испитувања за автоимуни хепатитиси и толкување	15	
24.	Пред трансплантациски испитувања кај пациент и дарител на бубрег, коскена срцевина и црн дроб и толкување	5	
25.	Имунолошка дијагностика на ревматски артритис, СЛЕ, васкулити, Сјоргенов, Бехчетов, Бехтеров синдром и толкување	20	
26.	Имунолошки постапки во дијагнозата на стерилитетот и повторувачките абортуси и толкување	30	
27.	Дијагноза на GVHD	5	
28.	Долгорочно следење и контроли на трансплантиран пациент со коскена срцевина	10	
29.	Дијагноза на отфрлање на трансплантат	5	

30.	Долгорочно следење и контроли на трансплантиран пациент	10	
31.	Одредување на концентрација на поствакцинални противтела	10	
Педијатриска лабораторија			15 дена
1.	Вадење на капиларна крв и крв кај новороденчиња, деца до 1 година и над 1 година и максимално користење на добиениот серум или плазма		
2.	Хлориди во пот, цистинурија, скрининг на аминокиселини, ксилоза толеранс тест, лактоза толеранс тест, гликоза-6-фосфат дехидрогеназа, осмотска резистенција		
Биохемија на инфективни заболувања			15 дена
1.	Флуорометри		
2.	Течна хроматографија со високи перформанси - HPLC		
3.	Лабораториска и серолошка дијагноза на инфективни заболувања		
4.	Ацидобазна регулација - параметри на ацидобазна регулација: гасови во крв и pH на крв, карбоксихемоглобин, заситување со кислород, одредување на млечна киселина		
5.	Испитување на ликвор - глукоза, протеин, олигоклонални ленти, специфични имуноглобулини, ензими, IgG/албумин однос		
Геријатриска лабораторија			15 дена
1.	Испитување на биохемиски параметри поврзани со специфични заболувања на пациенти над 65 годишна возраст		
Пренатална дијагноза, испитување и следење на ризична бременост			15 дена
1.	Испитување на амнионска течност		
2.	Утврдување на дијабетес мелитус и преeклампсија кај мајката		
3.	Пренатална дијагноза на дефекти на невролошката туба и Даунов синдром, трисомнија 18/13 во прв и втор триместар со испитување на F-βHCG, PAA, алфа-фетопротеин, hCG, неконјугиран естриол во крв на мајката		
4.	Испитување AFP и други тестови на амнионска течност		
5.	Тест на фетална зрелост на белите дробови - ламеларни телца во клетка		
6.	Rh-изомунизација, OГТТ-скрининг за гестациски дијабетес		
7.	Одредување на билирубин кај новороденчиња		
8.	Параметри на гинеколошки онкологија		
Работа со радиоизотопи Институт за патолошка физиологија и нуклеарна медицина			15 дена
Турнусот се изведува со супервизија со едукатор			
1.	Мерење на радиоактивност со јонизациски детектор		
2.	Мерење на радиоактивност со сцинтилациски детектор		
3.	Изведување на радиоимуноесеј		
4.	Читање на резултати од радиоимуноесеј		
5.	Контрола на квалитет на радиоимуноесеј		

ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА		3 месеци
Специјализантот треба да се запознае и да ги совлада техниките/лабораториските тестови кои најчесто се користат во трансфузиологијата, како и нивната интерпретација		
Базична трансфузиологија		*тестови*
1.	Собирање и чување на примероци на крв од дарители/болни/трудници за серолошки испитувања	
2.	Принципи на серолошки техники во имунохематологија	
3.	Клинички значајни еритроцитни крвногрупни антигени и антитела (АБО, Rh, Кел)	50
4.	Автоматизација во лабораториите за имунохематологија	
5.	Гел техники	50
6.	Директен и индиректен антиглобулински Кумсов тест со разни техники и негово клиничко и лабораториско значење	50
7.	ЕЛИСА-принцип на тестот и примена во тестирање на крвта од дарители со трансфузиски трансмисивни инфекции (ТТИ)	
8.	Серолошка и молекуларна ХЛА типизација	10
Лабораториски тестови за испитување на хемостаза		
1.	Земање примероци крв за испитување хемостаза	
2.	Автоматизација во лабораторија за хемостаза (коагулометри, агрегометри, бројачи и сл.)	
3.	Принципи на работа со разни апарати во лабораторија	
4.	Можни пропусти/грешки	
5.	Скрининг хемостаза (PT, aPTT, TT, фибриноген)	50
6.	Дијагностички алгоритми за испитување на пореметувањата на хемостазата	
7.	Тестови за испитување на антикоагулациски и антифибринолитички антитела (SLE, бременост и др.)	10
8.	Молекуларна дијагностика на Лајденов фактор	3
9.	Молекуларна анализа на протромбин G20210A и MTHFR	3
10.	Тестови за испитување на хиперкоагулабилност	10
11.	Квантитативно одредување на коагулациските фактори	
12.	Агрегација на тромбоцити со разни реагенси	10
13.	Тестови за следење на оралната антикоагулантна терапија/хепарин/резистенција на хепарин и интерпретација	50
14.	Лабораториска дијагноза на хемофилиите/Вилембрандова болест	5
15.	Испитување на тромбофилија	5
16.	Одредување на тромбофилија PC, PS, ATIII, D-димер, LA, AFA	30
17.	Интерпретација на различни резултати	
18.	Контрола на квалитет во лабораторија за хемостаза	
	По завршениот турнус ќе биде направена евалуација на стекнатите знаења	

ХЕМАТОЛОГИЈА		3 месеци
1.	Земање примероци за хематолошки испитување и за хемостаза	
2.	Принцип на работа на хематолошки бројач	
3.	Одредување на крвна слика на хематолошки бројач	
4.	Интерпретација на резултати	

5.	Дијагностика на псевдотромбоцитопенија
6.	Изработка на крвна размаска и одредување леукоцитна формула
7.	Одредување на клетки од коскена срцевина и специјални цитохемиски боења на размаска од коскена срцевина за препознавање на разните типови на клетки (PAS и Судан Блек боење, пероксидаза и естераза боење, боење со кисела фосфатаза, алкална фосфатаза)
8.	Боење на сидеробласти
9.	Корелација на наодите од размаската на периферна крв со морфологијата на размаската од коскена срцевина
10.	Одредување на ретикулоцити
11.	Одредување на седиментација на еритроцити
12.	Испитување на функција на тромбоцити
13.	Агрегација на тромбоцити
14.	Одредување на тромбоцитен фактор 4
15.	Спроведување на контрола на квалитет на хематолошки бројач

Автоматизација во хематологијата

1.	Одредување на број на леукоцити, еритроцити и тромбоцити во крв на хематолошки бројач, мануелно одредување на леукоцити и тромбоцити, пресметување на апсолутни вредности, концентрација на хемоглобин, еритроцитни индекси
2.	Принципи на хематолошките бројачи, одредување на леукоцитна формула со 3- и 5-диф технологија
3.	Микроскопска евалуација на периферна крвна размаска
4.	Референтни интервали за хематолошките параметри, контрола на квалитет на хематолошките бројачи и Булова анализа
5.	Мануелно и автоматско одредување на бројот на ретикулоцитите
6.	Интерпретација на резултатите од автоматското и мануелното одредување на бројот и морфологијата на крвните клетки, постапки за обработка на абнормален примерок и издавање на резултати, корелација на резултатите од добиената размаска на периферната крв со клиничката слика

Анализа на размаска на периферна крв

1.	Изработка на размаска на периферна крв, стандардни и специфични боења на крвната размаска, микроскопска евалуација на нормалната и абнормалната крвна размаска (морфологија на леукоцити, еритроцити и тромбоцити)
2.	Артефакти во анализата на морфологијата на леукоцити, еритроцити и тромбоцити
3.	Интерпретација на резултатите во корелација со резултатите добиени на хематолошки бројач

Специфични лабораториски тестови во хематологијата со основи на имунохематологија

1.	Испитување на карактеристиките и абнормалностите на крвните клетки со флоуцитометар, типизација на Т и Б лимфоцити, рутинска флоуцитометриска евалуација на леукоцитите (површински и интраклеточни маркери), принципи на флоуцитометриска анализа на субкласата на лимфоцитите, интерпретација на наодите добиени со флоуцитометрија во корелација со цитохемиските и имуноцитохемиските испитувања
2.	Типизација на леукоцитните и ткивните антигени, испитување на клеточните маркери со примена на моноклонални антитела, имунофлоуресцентни методи, клиничко значење и општи принципи на функцијата на тромбоцитите, агрегација на тромбоцитите и ослободување на серотонин, антитела на

	тромбоцитите метаболизам на хем и на порфирини, определување на хемоглобин, синтеза и разградба на хемоглобин

Пореметување на еритроцитите

1.	Карактеристични лабораториски наоди во нормална, микроцитна и макроцитна анемија, лабораториска дијагностика на статусот на железото во организмот, недостаток на витамин B_{12} и фолна киселина
2.	Патофизиологија и лабораториска дијагностика на интраваскуларната хемолиза
3.	Хемоглобин С, хемоглобинопатии и таласемии, флоуцитометриски анализи на фетален хемоглобин, електрофореза на хемоглобин познавање на основите на ДНК техниките

Пореметување на леукоцитите

1.	Морфолошка, цитохемиска и имуноцитохемиска молекуларни и цитогенетски испитувања во диференцијална дијагноза на акутните и хроничните леукемии, лимфоми и миелопролиферативни и миелодиспластични заболување

Пореметување на тромбоцити

1.	Лабораториски тестови за различни типови на Вон-Вилебрандова болест, антитромбоцитна терапија, испитување на тромбоцитните антитела со флоуцитометрија
	По завршениот турнус ќе биде направена евалуација на стекнатите знаења

ГЕНЕТИКА 1 месец

Молекуларна генетика		*постапки*
1.	Изолација на геномска ДНК	2
2.	Мерење на концентрација на ДНК, РНК и протеини	2
3.	Полимеразно верижна реакција	2
4.	Определување мутации	5
Биохемиска и генетика		
1.	Ензимска детекција	2
2.	Скрининг-методи и Тандем мас дијагностика	5
Медицинска цитогенетика и флуоресцентна ин ситу хибридизација		
1.	Кариотип со нормална резолуција (крв, амниоцити, фибробласти, коскена срцевина)	2
2.	Кариотип со висока резолуција (крв, коскена срцевина)	2
3.	Методи за автоматско кариотипизирање	1
Репродуктивна генетика		
1.	Амниоцентеза - анализа и интерпретација	1
Неонатален скрининг		
1.	Земање примероци на филтер-хартија	1
2.	Интерпретација на резултати	2
Етика и квалитет во лабораториската генетика		
1.	Обезличување на генетски примероци	1
2.	Банка за складирање хумана ДНК	1
	По завршениот турнус ќе биде направена евалуација на стекнатите знаења	

ПАТОЛОГИЈА СО ОНКОЛОГИЈА		1 месец
Специјализантите ќе поминат по една недела турнус во следниве лаборатории: хистохемиска и имунохистохемиска, имунофлоуресцентна, електрон-микроскопска и во лабораторијата за молекуларна патологија		
1.	Запознавање со дијагностичките методи кои се работат во соодветните лаборатории, со интерпретација и апликација на добиените резултати, особено при одредување тумор маркери, онкогени ензими, хормонски рецептори и онкогените	
	По завршениот турнус ќе биде направена евалуација на стекнатите знаења	

ФАРМАКОЛОГИЈА И ФАРМАКОТОКСИКОЛОГИЈА		
Клинички испитувања на лекови (биоеквивалентни студии)		*постапки*
1.	Учество во дизајнирање на протокол за спроведување на клиничко испитување	2
2.	Дефинирање на инклузивни и ексклузивни критериуми за вклучување на испитаници во клиничко испитување	2
3.	Дефинирање на биохемиски маркери за селекција на испитаници и нивно следење во биоеквивалентни студии	2
4.	Учество во спроведување на биоеквивалентни студии	2
Мониторирање на концентрации на лекови во биолошки материјал		
1.	Одредување на концентрации на антиепилептици во серум	5
2.	Клиничка интерпретација на добиените резултати на концентрациите на антиепилептиците	5
3.	Индивидуализација на режимот на дозирање кај пациенти кои примаат антиепилептични лекови во однос на добиените концентрации во биолошки материјал	5
4.	Одредување на концентрации на имуносупресиви во крв	5
5.	Клиничка интерпретација на добиените резултати на концентрациите на имуносупресивите во крв	5
6.	Индивидуализација на режимот на дозирање кај пациенти со трансплантиран бубрег кои примаат имуносупресивни лекови во однос на добиените концентрации во биолошки материјал	5
7.	Одредување на катехоламини во урина	5
8.	Клиничка интерпретација на добиените резултати на концентрациите на катехоламини во урина	5
	По завршениот турнус ќе биде направена евалуација на стекнатите знаења	

МИКРОБИОЛОГИЈА		4 месеци
Општи аспекти		
1.	Општи аспекти на бактериологијата - дефиниција за инфекција и инфективна болест, патогенеза на инфекциите, одбирање на валиден примерок и правилно земање примероци за микробиолошка дијагноза при одредени инфективни заболувања (крв за хемокултура, крв-серум за серолошки испитувања, урина, фецес, спутум), најчести етиолошки агенси (патогени бактерии и вируси), природен и болнички екосистем	
2.	Дијагностички постапки - обработка на примероците: директен препарат, боење според Грам, култивирање на примероците на соодветни подлоги и во соодветни	

	стандардни услови, биохемиска и автоматизирана идентификација (ВИТЕК-2), тестирање на антимикробна чувствителност на изолатите (класична и автоматизирана) - обработка на крв при септикемии и ендокардитиси (автоматизиран систем BacT/Alert) - обработка на примероци за молекуларна дијагностика (крв за ПВР) - детекција на бактериски и вирусни антигени и присуство на антитела во серум на пациентите (серолошка дијагностика)
3.	Детекција на конкретни бактерии при одредени инфективни заболувања: Staphylococcus aureus, Streptococcus pyogenes, Streptococcus pneumoniae, Escherichia coli, Salmonella spp, Haemophilus influenzae, Helicobacter pylori, Mycoplasma spp, Chlamydia spp
4.	Серолошки испитувања (детекција на антигени и/или антитела) при вирусни инфекции предизвикани со Herpessimplexvirus, Cytomegalovirus, EpsteinBarrvirus, Hepatitis A, B, C, Evirus, HIV, Coronavirus, Rotavirus, Morbillivirus, Parotitisvirus, Rubivirus, Poliovirus
5.	Молекуларна дијагностика на голем број вируси (ХПВ)
6.	Одредување на соодветна антимикробна терапија
Медицинска паразитологија	
1.	Епидемиологија, застапеност, главни клинички знаци, техники на детекција на адултни форми (макроскопски) и јајценца (микроскопски)
2.	Усвојување на вообичаените техники за детекција на етиолошки агенси на амебијаза, ламблијаза, маларија, токсоплазмоза, трихомонијаза, интестинални, уринарни и хепатични хелминтијази
Медицинска микологија	
1.	Детекција на агенси на миколошки заболувања, вообичаени техники за нивна изолација и идентификација (класична и автоматизирана)
2.	Испитување на изолатите на чувствителност кон антимикотични средства (со Е-тестови и автоматизирана техника)
3.	Молекуларна дијагностика на фунгални сепси
	По завршениот турнус ќе биде направена евалуација на стекнатите знаења

	МЕНАЏМЕНТ И ОСИГУРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ НА РАБОТАТА ВО ЛАБОРАТОРИЈА	2 месеци
1.	Воспоставување модел на организација на лабораторијата	
2.	Методи и модели за пресметување на продуктивност на персоналот вработен во лабораториите	
3.	Пресметување на цената на чинење на анализите и изработка на комуникациски обрасци - начини на презентација	
4.	Образование и практика на персоналот кој работи во лабораторијата, планирање и селекција	
5.	Менаџмент на квалитетот и испитување на истиот преку прирачници за квалитетот, акредитација, посета на курсеви и семинари, интернационално испитување на квалитетот, надворешно следење на квалитетот материјалите	
6.	Критичка проценка на дијагностичките испитувања преку користење на стандардизирани листи за проверка	
7.	Пресметување на различни параметри, дијагностичка точност и нивна интерпретација	
8.	Критичка проценка на систематски прегледаните научни и стручни трудови	
9.	Критичка проценка на лабораториски водичи	

10.	Избор и примена на стандардите во лабораторијата	
11.	Базично знаење од клиничка епидемиологија	
12.	Сигурносни правила во лабораторијата: - заштита од пожар, хемикалии, инфективен материјал - прирачници за заштита, програми за контрола на квалитетот, дисеминација на податоците за пациентите	
13.	Личен менаџмент: опис на работните задачи, односи со надредените, интервјуа за работата, мотивација	
14.	Правни регулативи за работа во лабораторија: познавање на релевантната легислатива, компетенција за работа во лабораторија	
15.	Организација на здравствената установа: интеракција меѓу лабораторијата и останатиот дел на здравствената установа (болницата)	
16.	Професионална етика	
17.	Односи со јавноста, со болницата и со општеството	
18.	Итност на лабораториските анализи и работа надвор од работните часови (дополнителна дејност)	
	По завршениот турнус ќе биде направена евалуација на стекнатите знаења	
Изработка на специјалистички труд		6 месеци

Област на специјализација:

6. МЕДИЦИНСКА МИКРОБИОЛОГИЈА СО ПАРАЗИТОЛОГИЈА

Звање кое се добива по завршување на специјализацијата:

Специјалист по медицинска микробиологија со паразитологија

Времетраење на специјализацијата:

48 месеци

Времетраење на турнусите

	ТУРНУС	ТРАЕЊЕ (МЕСЕЦИ)
1.	Основи на практична работа во микробиолошка лабораторија	4
2.	Бактериологија	19
3.	Вирусологија	3
4.	Микологија	3
5.	Паразитологија	4
6.	Антимикробна чувствителност	1
7.	Серологија	3
8.	Молекуларни методи во микробиологијата	2
9.	Епидемиологија на заразни болести	1
10.	Инфективни болести	3
11.	Санитарна микробиологија	2
12.	Социјална медицина	0,5
13.	Хигиена	0,5
14.	Биохемиска лабораторија	1
15.	Патологија	1
	вкупно:	48 месеци

Програмата се изведува како предавања, семинари, работа во мали групи

Прва и втора година	Задолжителна теоретска настава предвидена за сите специјализанти - Научноистражувачка работа - Донесување клиничка одлука - Комуникациски вештини - Јавно здравство - Способност за стекнување и пренесување на знаење - Етика и прописи - Промоција на здравјето

ПРОГРАМА
на специјализацијата по медицинска микробиологија со паразитологија
по години и по методски единици (со број на часови)

ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

	ПРОГРАМА	НАСТАВА (ЧАСОВИ)	СТАЖ (МЕСЕЦИ)	СТАЖОТ СЕ ИЗВЕДУВА ВО УСТАНОВИ ШТО ВРШАТ ДЕЈНОСТ ПО:
	ПРВА ГОДИНА			Институт за микробиологија и паразитологија
1.	Основи на практичната работа во микробиолошка лабораторија	10	2	- лабораторија за подготовка на подлоги
		10	2	- лабораторија за примарна обработка на примероци
	Бактериологија			
2.	Дијагностика на горнореспираторни инфекции	7	1,5	лабораторија за респираторни инфекции
3.	Дијагностика на долнореспираторни инфекции	8	2	лабораторија за респираторни инфекции
4.	Дијагностика на гастроинтестинални инфекции 1	7	2	лабораторија за гастроинтестинални инфекции
5.	Дијагностика на гастроинтестинални инфекции 2	8	1,5	лабораторија за гастроинтестинални инфекции
6.	Дијагностика на инфекции на рани и меки ткива, анаеробни инфекции	9	2	лабораторија за анаеробни инфекции, инфекции на рани и меки ткива
7.	Дијагностика на површни кожни инфекции	6	1,5	лабораторија за анаеробни инфекции, инфекции на рани и меки ткива
8.	Дијагностика на сепси и менингитиси	15	2	лабораторија за хемокултури, ликвори
	ВТОРА ГОДИНА			
1.	Дијагностика на генитални инфекции	12	2	лабораторија за урогенитални инфекции
2.	Дијагностика на уринарни инфекции	12	2	лабораторија за урогенитални инфекции
3.	Дијагностика на интрахоспитални инфекции	9	2	лабораторија за интрахоспитални инфекции и нежива болничка средина
4.	Испитување на нежива болничка средина	5	1,5	лабораторија за интрахоспитални инфекции и нежива болничка средина
	Вирусологија			Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија
5.	Детекција на причинители на одредени вирусни заболувања	4	1	лабораторија за дијагностика на вирусни инфекции

	ТРЕТА ГОДИНА			Институт за микробиологија и паразитологија
	Микологија			
1.	Дијагностика на етиолошки агенси на микози	6	1,5	лабораторија за миколошки испитувања
2.	Дијагностика на етиолошки агенси на микози	6	1,5	лабораторија за миколошки испитувања
	Паразитологија			
3.	Дијагностика на протозои	6	2	лабораторија за паразитарни заболувања
4.	Дијагностика на хелминти	6	2	лабораторија за паразитарни заболувања
	Серологија			Институт за микробиологија со паразитологија
5.	Серолошка идентификација на етиолошки агенси	8	2	лабораторија за серолошка дијагностика
6.	Серолошка дијагноза	8	2	лабораторија за серолошка дијагностика
7.	Понови серолошки методи	4	1	лабораторија за серолошка дијагностика
8.	Молекуларни испитувања во микробиологијата	8	2	лабораторија за молекуларна дијагностика
	ЧЕТВРТА ГОДИНА			
	Испитување на антимикробна чувствителност			Институт за микробиологија и паразитологија
1.	Техники за испитување на чувствителноста на микроорганизмите кон различни антимикробни средства	10	1	лабораторија за испитување на антимикробна чувствителност
2.	Епидемиологија на заразни болести	6	1	Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика
3.	Инфективни агенси и нивна чувствителност	5	1,5	инфективни болести и фебрилни состојби
4.	Инфективни болести и терапија	5	1,5	инфективни болести и фебрилни состојби
5.	Санитарна микробиологија	6	2	Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија
6.	Социјална медицина	4	0,5	Институт за социјална медицина
7.	Хигиена	4	0,5	хигиена и здравствена екологија (институт)
8.	Биохемиска лабораторија	6	1	Институт за медицинска и експериментална биохемија
9.	Патологија	4	1	Институт за патолошка анатомија

ОСНОВИ НА ПРАКТИЧНАТА РАБОТА ВО МИКРОБИОЛОШКА ЛАБОРАТОРИЈА		БРОЈ НА ЧАСОВИ
1.	- Општо за микробиологијата како наука - Поделба	2
2.	- Видови микроорганизми - Бактерии, габички, протозои	6
3.	Примероци за микробиолошка анализа, начин на правилно земање, услови на чување и правилен транспорт	2
4.	Засадување на микроорганизмите и услови на култивација	2
5.	- Видови подлоги за култивација и нивна подготовка - Хемокултури - Идентификација на микроорганизмите	2
6.	Стерилизација	3
7.	Дезинфекција	3
8.	Бактериологија - Класификација на бактериите	
9.	Респираторни инфекции - Општи карактеристики на етиологијата на респираторните инфекции - Бактерии предизвикувачи на респираторни инфекции: Streptococcus pyogenes, Bordetella pertusis, Streptococcus pneumoniae, Haemophilus influenzae, Moraxella catharalis, Mycobacterium tuberculosis - Предизвикувачи на атипични пневмонии: Chlamydia: Chlamydia pneumoniae, Legionella pneumophilla, Mycoplasma pneumoniae	15
10.	Гастроинтестинални инфекции - Општи карактеристики на етиологијата на гастроинтестиналните инфекции - Бактериски етиолошки агенси на гастроинтестинални инфекции и алиментарни интоксикации: Salmonella spp, Shigella spp, Campylobacter spp, Vibrio cholerae, Clostridium difficile, Bacillus cereus	15
11.	Инфекции на меки ткива - Општи карактеристики на етиологијата на инфекциите на меки ткива - Бактерии предизвикувачи на инфекции на рани и меки ткива: Staphylococcus aureus, Propionobactreium, Bacillus spp, Bacillus anthracis, Clostridium spp, Streptococcus spp, Francisella tularensis - Карактеристики на анаеробни инфекции - Мешани инфекции, инфекции на изгоретини - Анаеробна култивација - Медицински значајни анаероби: Bacteroides spp, Bacteroides fragillis, Prevotella spp, Fusobacterium spp, Clostridium spp, Peptostreptococcus spp, Veillonella	15
12.	Сепса, сапремија, ендокардитис - Бактерии значајни во етиологијата на сепсите и ендокардитисот: Streptococcus spp, Streptococcus viridians, Cardiobacterium, Staphylococcus spp, Staphylococcus epidermidis, Corynebacterium spp, Enterococcus spp, Грам-негативни бацили (ЕСБЛ+) - Бактериски етиолошки агенси на менингитис: Neisseria meningitidis, E. coli K1, Listeria monocytiogenes, Streptococcus agalactiae	15
13.	Сексуално преносливи инфекции - Општи карактеристики на етиологијата на сексуално преносливите инфекции - Бактерии значајни во етиологијата на сексуално преносливите болести: Treponema pallidum, Neisseria gonorrhoeae, Gardnerella vaginalis, Chlamydia trachomatis, Ureaplasma, Mycoplasma	12

14.	Уринарни инфекции - Општи карактеристики на етиологијата на уринарни инфекции - Бактерии значајни предизвикувачи на уринарните инфекции: E. coli, Klebsiella spp, Enterobacter spp, Serratia spp, Pseudomonas aeruginosa, Proteus spp	12
15.	Болнички инфекции - Видови болнички инфекции - Начин на настанување на инфекциите - Етиолошки агенси - Контрола на болничките инфекции - Медицински значајни бактерии - Бактерии кои поретко се јавуваат како етиолошки агенси на одредени заболувања	14
16.	Вирусни инфекции - Класификација на вирусите - Значајни етиолошки агенси на вирусните заболувања - Picornaviridae, Adenoviridae, Herpesviridae, Ortomyxoviridae, Paramyxoviridae, Hepadnaviridae, Retroviridae	12
17.	Микози - Површни и системски микози - Етиолошки агенси на миколошки заболувања - Дерматофити - Квасници - Бифазни фунги	12
18.	Паразити - Поделба на паразити и нивна градба - Карактеристики на најзначајните агенси на паразитарни заболувања - Протозои - Цестоди - Трематоди - Нематоди	12
19.	Антимикробни средства - Антибиотици, антимикотици, антивирусни средства - Поделба, механизми на дејство - Механизми на резистенција - Рационална употреба на антибиотици - Антипротозоарни и антипаразитарни средства	10
20.	Отпорност - Вродена и стекната отпорност - Имунолошки одговор на домаќинот - Антигени и антитела	8
21.	Молекуларна дијагностика - Принцип на молекуларната дијагностика и значење - Области во кои се применува - Нејзина важност во микробиологијата - Детекција на микроорганизми - Детекција на гени кои кодираат фактори на патогеност кај микроорганизмите - Детекција на гени за резистенција - Типизација на микроорганизмите со молекуларни методи	8
ИМП = Институт за микробиологија и паразитологија
ИПА = Институт за патолошка анатомија
ИПКФТ = Институт за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија
ИСМКМД = Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија
ИТМ = Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија
ИЦГЕБ = Меѓународен центар за генетско инженерство и биотехнологија, Трст, Италија
ИЦГИБ = Истражувачки центар за генетско инженерство и биотехнологија, Академија на науките и уметностите на Република Северна Македонија (МАНУ)
МФ = Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
УКГАК = Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство
УКДБ = Универзитетска клиника за детски болести
УКИБФС = Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби
УКРО = Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија
УКХ = Универзитетска клиника за хематологија
ФИНКИ = Факултет за информатички технологии и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
ФФ = Центар за биомолекуларни фармацевтски анализи, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"

ПРОГРАМА
на специјализацијата по клиничка лабораториска генетика

ТЕОРЕТСКА НАСТАВА

	Основи на лабораториска работа
	Основни познавања за принципите на лабораториската работа, вклучително организација на работа, обезбедување специфични услови за работа, безбедност на кадарот, основни принципи на приватност и доверливост на податоците
1.	Организација на одредени поединици на генетската лабораторија
2.	Воспоставување мерки за заштита од незгоди во лабораторија (пожар, поплава, контаминација), работа со корозивни, мутагени и канцерогени супстанции и со инфективен материјал
3.	Ракување со апаратурата и одржување на апаратурата
4.	Почитување на принципи на стерилност, спречување на контаминација при работа во лабораторија за молекуларна дијагностика
5.	Адаптација на протоколите на работа во однос на условите во лабораторијата (валидација на методи) и контрола на квалитетот на анализите
6.	Трансфер на материјали и податоци, нивно чување и складирање на резултати
7.	Почитување на принцип на приватност
8.	Интерпретација на резултатите, анализа на генетските резултати - контроверзии и дилеми
9.	Водење на финансиското работење, планирање и набавка на опрема и потрошен материјал
10.	Барања за воведување на стандардот ИСО 15189 во лабораторија за молекуларна дијагностика

	Основи на генетиката
	Општи познавања од генетиката, што ги вклучува подрачјата на молекуларна генетика, популациска генетика, молекуларна патологија, моно- и полигенски болести
1.	Структура и функција на ДНК
2.	Структура и функција на хромозомите
3.	Структура и функција на човечкиот геном
4.	Основи на клеточна биологија
5.	Основи на биологијата на протеините
6.	Молекуларна патологија
7.	Мутации - типови: точкасти, делеции, дупликации, инсерции, премутации, експанзиски мутации - последици: губење на функции и добивање на функции
8.	Генетска варијабилност - типови на генетски полиморфизми: единечни нуклеотидни полиморфизми (SNP), микросателити, варијации во бројот на копии (CNV) - влијание на генетската варијабилност на фенотипот
9.	Епигенетика
10.	Популациска генетика
11.	Познавање на познатите меѓународни системи на номенклатура - Интернационален систем за хумана цитогенетска номенклатура - ISCN - Здружение за варијации во хуманиот геном - HGVS Онлајн бази на податоци - Менделово наследување кај луѓето - OMIM - база за ретки болести - Орфанет - база „Генски ревии“

Методи за молекуларна дијагностика	
	Теоретски знаења за пристапите во молекуларната дијагностика и детални познавања за принципите на методите кои се користат за анализа на нуклеински киселини и протеини
1.	Пристапи во молекуларна дијагностика
2.	Методи за анализа на нуклеински киселини - изолација на нуклеински киселини - Методи на полимеразно-верижна реакција (ПВР, ПВР во реално време, квантитативна флуоресцентна ПВР) - електрофореза на нуклеински киселини (агароза гел, полиакриламидна гел-електрофореза - PAGE, капиларна електрофореза) - Садерново блотирање - Нордерново блотирање - ДНК-секвенционирање - фрагментна анализа - конформациски полиморфизам на единечни нишки - SSCP - денатурирачка градиентна гел електрофореза - DGGE - ТакМан-технологија - метод за анализирање на повеќе единечни полиморфизми во една мултиплекс реакција базирана на издолжување на прајмери - СНаПшот - мултиплекс амплификација на проби зависна од лигација - MLPA - ДНК-чипови - ерејна компаративна геномска хибридизација - CGH - нови секвенционирачки технологии
3.	Методи за анализа на протеини - Вестерново блотирање - ензимски имуноесеј - ELISA - 2D електрофореза - течна хроматографија со високи перформанси - HPLC - проточна цитометрија - масена спектрометрија на молекули - имунохисто- и имуноцитохемиски методи
4.	Нови методологии во молекуларната дијагностика

Молекуларни основи на моногенски и полигенски наследни болести	
	Запознавање со молекуларните основи на најчестите моногенски (таласемии, цистична фиброза, невромускулни, кардиоваскуларни итн.) и полигенски, односно мултифакторски болести (хипертензија, дијабетес, карциноми, итн.)
1.	Типови на наследување на болестите
2.	Молекуларни основи на чести моногенски болести
3.	Мултифакторски болести
4.	Дијагностика на генски болести во различни области на медицината со посебен осврт на невромускулни и кардиоваскуларни заболувања
5.	Пресметување на ризик за наследување на наследно заболување, вклучително и експресивност и пенетрантност
6.	Познавања за правни и етички норми за генетски тестирања кај пациенти со моногенски и полигенски наследни заболувања

Етика и квалитет во лабораториската генетика	
	Знаења од основите на етичките принципи во медицината и во комуникација со пациенти
1.	Етика во генетското тестирање на пациенти, членови на семејство, малолетни лица
2.	Етички аспекти на земање и чување на генетски материјал
3.	Заштита на доверливост
4.	Планирање на истражување во генетиката, што опфаќа и систем на обезбедување информирана согласност од пациентот/старателот

5.	Обезбедување квалитет - препораки на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) - упатства од Европската асоцијација за квалитет во фармацијата (ЕЦА) - генетското тестирање - ЕуроГентест - препораки за надворешно контролирање на квалитет - EQA - национални упатства Акредитација (ИСО 15189)

Медицинска цитогенетика

	Знаења за значењето и влијанието на генотипот врз фенотипот и за различните методи и пристапи на цитогенетско тестирање
1.	Еволуција на хуманите хромозоми и нормална хромозомска варијабилност
2.	Изработка на кариотип од лимфоцити на периферна крв, коскена срцевина и други ткива
3.	Методи на бендирање на хромозомите и нивно препознавање, мануелно и автоматско кариотипизирање
4.	Методи за брзо одредување на пореметување на икс-хромозомот (барови телца)
5.	Нумерички абнормалности на половите и автозомни хромозоми
6.	Структурни хромозомски аномалии
7.	Запознавање со меѓународните системи за номенклатура на хромозомски абнормалности
8.	Основи на молекуларна цитогенетика (флуоресцентна ин ситу хибридизација - FISH) и употреба на таргет-специфични проби
9.	Пренатална дијагностика на хромозомски аномалии
10.	Хромозомски неправилности кај карцином, леукемија, лимфоми, солидни тумори

Биохемиска генетика

1.	Таксономија на наследните метаболички нарушувања
2.	Основни клинички карактеристики на лизозомни, пероксизомни и митохондријални нарушувања и нарушување на аминокиселинскиот и метаболизмот на шеќерите
3.	Диференцијална дијагноза и третман на перакутни и интермитентни наследни метаболички нарушувања
4.	Откривање на носители и пренатална дијагноза

Скрининг за генетски болести

1.	Видови на скрининг за генетски болести - пренатален - неонатален - скрининг на носители, - пресимптоматско тестирање
2.	Скрининг на популацијата и селективен скрининг - организација
3.	Принципи и методи на работа, стапка на веродостојност на методите
4.	Примена на скрининг во превенција на специфични заболувања

Имуногенетика

1.	Основи на имуногенетиката
2.	Начин на испитување и влијание на генетски варијанти во функцијата на ХЛА, КИР, ТОЛ-рецептори и гени за цито- и хемокини
3.	Имуногенетика на крвни групи - системи, наследување и методи за одредување
4.	Молекуларна анализа на преуредување на Б- и Т-клеточни рецептори во дијагноза, прогноза и следење на исход од терапија кај хематолошки неоплазми
5.	Имунотерапија

Молекуларна микробиологија	
	Теоретски знаења за основите на микробиологијата и вирусологијата и за методите за молекуларна детекција, карактеризација и квантификација на инфективните агенси (бактерии, вируси, паразити) во биолошки материјал
1.	Принципи во микробиологијата
2.	Најчести инфективни заболувања
3.	Бактериска и вирусна генетика
4.	Принципи на детекција, карактеризација и квантификација на инфективни агенси

Биоинформатика со биостатистика и бази на податоци	
1.	Основи на популациска генетика
2.	Статистички методи за утврдување на асоцијација на генетски варијанти со болести
3.	Хајди-Вајнбергов закон
4.	Фреквенција на најчести генетски заболувања во Република Северна Македонија
5.	Пресметување на ризик за наследување на генетска болест
6.	Биоинформатичка обработка на податоци од геномски анализи
7.	Користење на компјутерски бази на податоци за анализа на генетски варијанти
8.	Критичко толкување на резултати од геномски анализи

Клиничка генетика	
	Основни познавања од медицинската генетика, што вклучува познавање на различни облици на генетска предиспозиција во дијагнозата и превенцијата на генетските болести во согласност со етичките норми
1.	Облици на генетска предиспозиција - моногенски - митохондриски - мултифакторски
2.	Семејна анамнеза и изготвување на родословно дрво
3.	Основи на Менделеево наследување
4.	Тератогени влијанија во тек на ембриогенезата
5.	Поделба и клинички опис на наследни и стекнати абнормалности
6.	Дисморфолошка обработка на пациент
7.	Превенција на генетски болести - пренатална дијагностика - предимплантациска дијагностика - предсимптоматска дијагностика - предбрачно тестирање

Генетика на наследни карциноми	
1.	Механизми на мутагенеза и генотоксичност
2.	Видови на гени вклучени во карциногенеза - онкогени - туморсупресорни гени
3.	Принципи во дијагностика на наследни канцер синдроми - пенетрантност - индивидуален ризик
4.	Дијагноза на пациенти со наследен карцином на дојка и јајчник
5.	Дијагноза на пациенти со наследен карцином на дебелото црево

Молекуларна патологија со хематоонкологија	
	Теоретски знаења за молекуларните основи на канцерогенезата и примената на овие сознанија во дијагнозата, прогнозата и терапијата на малигните болести

1.	Основни принципи на карциногенеза
2.	Видови на гени вклучени во карциногенеза - онкогени - тумор-супресор гени - микро-РНКи
3.	Геномска нестабилност
4.	Клеточна сигнализација и канцер
5.	Методи за анализа на соматски мутации
6.	Дефинирање на сензитивност и специфичност при анализа на соматски мутации
7.	Анализа на течна биопсија
8.	Методи за анализа на генетски промени кај различни типови на хематолошки неоплазми и цврсти тумори
9.	Дијагностичка, прогностичка и предикативна важност на молекуларни промени кај малигните заболувања

Фармакогенетика и таргетирана терапија

	Теоретски знаења за молекуларните аспекти на рационалната употреба на лековите и индивидуализација на терапијата
1.	Метаболизам на лекови
2.	Варијации во гени одговорни за метаболизам на лекови
3.	Варијации во транспортери на лекови
4.	Принцип на таргетирана терапија, вклучително дефиниција на примарна и секундарна резистенција
5.	Анализи за детекција на специфични промени поврзани со таргетирана терапија

Репродуктивна генетика

1.	Генетика на машки и женски инфертилитет
2.	Изработка на кариотип од амнионска течност
3.	Изработка на кариотип од хорионски ресички - издвојување на мајчин од фетален материјал
4.	Генетски основи на спонтани абортуси
5.	Техники на асистирана репродукција
6.	Пренатална и предимплантациска дијагностика
7.	Неинвазивна пренатална дијагностика

ДНК-форензика

1.	Екстракција на ДНК од биолошки траги
2.	Кратки повторувачки секвенци и нивна употреба во ДНК-форензички анализи
3.	Употреба на единечни нуклеотидни полиморфизми во ДНК-форензиката
4.	Полиморфизми на ипсилон-хромозомот и митохондријалната ДНК во форензички анализи
5.	Статистички пресметки за утврдување на сродство и идентификација на биолошки материјал

Генетско советување

	Запознавање со принципите на генетското советување и поврзаните етички, правни и социјални прашања
1.	Принципи на генетско тестирање
2.	Психосоцијално разбирање на пациентите и семејствата со генетски нарушувања
3.	Комуницирање со соодветни генетски и медицински информации
4.	Запознавање со локалните и националните ресурси дизајнирани за да им помогнат на пациентите со генетски нарушувања

Изработка на специјалистички труд во лабораторија или лаборатории по избор

ПРАКТИЧНИ ВЕШТИНИ
со дефиниран број постапки и интервенции класифициран по турнуси

	ТУРНУС	ТРАЕЊЕ НАЧИН НА ИЗВЕДУВАЊЕ	
	постапка/интервенција	асистира	изведува самостојно
Основи на лабораториска работа		1 месец	
1.	Анализа на дневник на пациенти - водење на регистар		1
2.	Контрола на апаратура во лабораторијата		1
3.	Запознавање со управување со документација во акредитирана лабораторија	1	
4.	Подготовка на документација и подготовка за валидација на нова метода	1	1
5.	Обезличување на биолошки примероци за истражување	5	5
6.	Биобанки - складирање, евиденција (регистар) и користење на примероци	5	5
7.	Семинарска работа за организација на генетска лабораторија		1
Основи на генетиката		1 месец	
1.	Изолација на геномска ДНК од различни биолошки материјали	10	30
2.	Изолација на РНК	10	20
3.	Мерење на концентрација на ДНК, РНК и протеини	20	50
Методи за молекуларна дијагностика		6 месеци	
1.	Полимеразно-верижна реакција ПВР (Пи-си-ар)	10	50
2.	Полимеразно-верижна реакција - реверзна транскрипција (РТ/ПВР)	10	20
3.	Алел-специфичен ПВР (АСО Пи-си-ар)	10	20
4.	Анализа на фрагменти добиени со ПВР со електрофореза на агарозен/полиакриламиден гел или капиларна електрофореза	10	20
5.	Квантитативна флуоресцентна ПВР анализа	10	20
6.	Анализа на MLPA (мултиплекс амплификација на проби зависна од лигација)	10	20
7.	ПВР во реално време	10	20
8.	Методи за одредување на познати еднонуклеотидни варијанти (должински полиморфизам на рестрикциски фрагменти - RFLP, ТакМан, единечна базна екстензија (минисеквенционирање - СНаПшот-анализа, алел-специфичен ПВР)	10	50
9.	Садерново блотирање	2	
10.	Епигенетски анализи	5	10
11.	Секвенционирање со Сангерова метода	10	50
12.	Таргетирано секвенционирање на панел на гени за детекција на герминативни мутации (наследни болести, канцер, кардиомиопатии и друго)	5	5
13.	Таргетирано секвенционирање на панел на гени за детекција на соматски мутации (хематолошки неоплазми, цврсти тумори)	5	5
14.	Секвенционирање на клинички егзом	2	2
15.	Арејна компаративна геномска хибридизација (Array CGH)	3	3

Молекуларни основи на моногенски и полигенски наследни болести		4 месеци	
1.	Избор на методи за молекуларна дијагноза на наследна болест (семинарска)		1
2.	Молекуларна дијагноза на пациенти со моногенски наследни болести, генетско тестирање за наследни хиперхолестеролемии, генетско тестирање за наследни кардиомиопатии итн.	20	40
3.	Генетско тестирање за утврдување на предиспозиција на мултифакторски болести (тромбофилија, хипертензија)	10	20
Етика и квалитет во лабораториската генетика			
1.	Обезличување на генетски примероци	5	1
2.	Водење и чување на дарителски регистар за матични клетки	1	1
3.	Семинарска работа		1
Медицинска цитогенетика		4 месеци	
1.	Култура на клетки од периферна крв, амниоцити, фибробласти и коскена срцевина	5	10
2.	Кариотип со нормална и висока резолуција (крв, фибробласти, амниоцити, коскена срцевина)	5	10
3.	Мануелно и автоматско кариотипизирање	5	10
4.	Флуоресцентна ин ситу хибридизација на ткива и хромозоми, одредување на амплификација	5	5
Биохемиска генетика		2 месеци	
1.	Ензимска детекција	5	10
2.	Скрининг-методи за метаболички наследни заболувања	5	20
3.	Анализа на аминокиселински статус во биолошки течности	5	10
4.	Тандем масена спектрометрија	2	5
5.	Генетски тестирања за наследни метаболички заболувања	5	10
Скрининг за генетски болести		1 месец	
1.	Планирање на скрининг, организација и методологија (семинарска работа)		1
2.	Обработка на филтер-хартија со примероци на крв наменета за неонатален скрининг	5	10
3.	Неонатален скрининг за најчести метаболички и ендокринолошки болести со Delfia метод, како и со тандем масен спектрофотометар	5	10
4.	Пренатален скрининг за хромозомски анеуплоидии кај семејства со ризик	5	10
5.	Скрининг за носителство за автозомно рецесивна болест	2	5
6.	Пресимтоматско тестирање во семејства со ризик за автозомно доминантни заболувања со доцна (адултна) презентација	2	5
Имуногенетика		2 месеци	
1.	ХЛА типизација на класа 1 и класа 2 антигени	5	15
2.	Определување на полиморфизми на цитокини, КИР и Тол рецептори	5	15
3.	Определување на крвни групи и рХ фактор	5	15
4.	Анализа на имунодефициенции	1	2
5.	Детекција на Б- и Т- клеточна клоналност	2	10

Молекуларна микробиологија		2 месеци	
1.	Молекуларна детекција на ДНК вируси	5	20
2.	Молекуларна детекција на РНК вируси	5	20
3.	Генотипизација на ДНК/РНК вируси	5	20
4.	Квантитативна анализа за присуство на специфична вирусна инфекција	5	20
5.	Молекуларна типизација на бактериски соеви	2	5
Биоинформатика и бази на податоци		1 месец	
1.	Пресметување на асоцијација на генетски маркер со болест (OR, CI, Bonferoni)	2	5
2.	Пресметување на ризик за наследување на генетска болест	2	5
3.	Пресметување на полигенски ризик	2	5
4.	Пребарување на податоци во базата на податоци	2	10
5.	Дизајнирање на прајмери и проби за ПВР, РТ/ПВР, MLPA, СНаПшот, АС-ПВР, ТакМан, HMR, анализа на експресија, варијации во бројот на копии	5	10
6.	Анализа на податоци од технологии за масовни анализи (aCGH, ареи за експресија, ареи за единечни нуклеотидни полиморфизми, секвенционирање од л=следна генерација - NGS)	2	5
Клиничка генетика		3 месеци	
1.	Земање на генетска анамнеза и конструирање родословно дрво	10	20
2.	Одредување на типот на наследување според родословното дрво	10	20
3.	Запознавање со клиничка терминологија поврзана со генетски заболувања	10	
Генетика на наследни карциноми		1 месец	
1.	Семејна анамнеза и родословно дрво од семејства со наследни карциноми	5	10
2.	Генетско тестирање за наследен карцином на дојка и јајчник	3	5
3.	Генетско тестирање за наследен карцином на дебело црево	3	5
4.	Генетско тестирање за други наследни карцином	1	3
Молекуларна патологија со хематоонкологија		2 месеци	
1.	Изолација на нуклеински киселини од свежо и архивирано ткиво	2	10
2.	Молекуларна детекција на хромозомски транслокации	1	5
3.	Детекција на микросателитска нестабилност - MSI и губење на хетерозиготност - LOH	2	10
4.	Детекција на соматски мутации во КРАС, БРАФ и ЕГФР гените	2	10
5.	Детекција на соматски мутации во панел на гени со NGS анализа	1	2
6.	Абнормални транскрипти кај леукемии и лимфоми	2	10
7.	Детекција на соматски мутации кај леукемии и лимфоми	2	10
8.	Детекција на минимална резидуална болест	1	2
9.	Детекција на Б- и Т- клеточна клоналност	2	5
Фармакогенетика и таргетирана терапија		1 месец	
1.	Детекција на варијанти во гени од фаза 1 од метаболизам на лекови	2	10
2.	Детекција на варијанти во гени од фаза 2 од метаболизам на лекови	2	10

3.	Детекција на соматски мутации поврзани со специфична таргетирана терапија	5	10
4.	Детекција на герминативни мутации поврзани со специфична терапија	2	5
ДНК-форензика		2 месеци	
1.	Изолација на ДНК од форензички материјал	2	5
2.	ДНК анализа за идентификација и утврдување на сродство	2	5
3.	Анализа на ипсилон-хромозом и митохондријална ДНК	2	5
4.	Статистички методи за анализа на семејна поврзаност	2	5
Репродуктивна генетика		2 месеци	
1.	Пренатална дијагноза на моногенски наследни болести	5	10
2.	Пренатална дијагноза на хромозомски абнормалности	5	10
3.	Анализа на хромозомски абнормалности кај спонтани абортуси	5	10
4.	Детекција на најчести генетски дефекти поврзани со машки инфертилитет	5	10
Генетско советување		1 месец	
1.	Пристап кон семејство со наследна болест	5	
2.	Изготвување на информација за болест и информирана согласност за тестирање	1	1
3.	Претконцепциско советување	5	
4.	Учество во одлука за абортус на фетус со генетска болест	5	
5.	Соопштување на резултат од генетската анализа	5	
6.	Семинарска работа		1

Цел на специјализацијата

Специјализацијата по клиничка лабораториска генетика ги опфаќа сите елементи на лабораториски медицински услуги од областа на генетиката поврзани со клиничката практика на специјалисти за клиничка генетика и широк спектар на други медицински дисциплини (педијатрија, гинекологија и акушерство, клиничка онкологија, неврологија и други).

Клиниката лабораториска генетика е лабораториска специјалност на академско ниво која ги спојува цитогенетиката, онкогенетиката, молекуларната генетика и метаболичната/биохемиската генетика во една специјализирана професија. Специјалистот ќе има длабоки познавања од лабораториските иследувања, процедури и толкување на резултатите поврзани со генетски нарушувања (наследни и спорадични) и здравствени проблеми поврзани со генетски фактори.

Оваа специјализација е наменета за здравствени работници (доктори по медицина и магистри по фармација) и здравствени соработници (магистри по молекуларна биологија, биохемија, лабораториска биомедицина и други биомедицински науки со освоени минимум 300 ЕКТС вклучително соодветна опфатеност на области од медицинската генетика. Специјализацијата е модифицирана согласно најновите препораки на ЕБМГ и е отворена не само за здравствени работници, туку и за здравствени соработници со претходно стекнато соодветно образование/компетенции. Кандидатите кои ќе ја завршат оваа специјализација се стекнуваат со право за добивање на звањето „Европски регистриран клинички лабораториски генетичар", кое е препознаено во сите земји од Европската Унија.

Целта на оваа специјализација е да се добијат строго специјализирани кадри кои ќе бидат носители на дејност во лабораторија за медицинска генетика/молекуларна дијагностика, вклучително интерпретација и потпишување на резултати. Кандидатот по завршената специјализација ќе се стекне со звање „Специјалист по клиничка лабораториска генетика".

Програмата опфаќа и обука за:

Релевантни познавања од областа на биологијата и генетиката

- разбирање на клеточните и молекуларните механизми кои се потпора на хуманата физиологија и наследност;
- познавање на шемите и моделите на наследност;
- основни и современи тестови за карактеризирање на хуманиот геном на различни нивоа на резолуција, вклучително и целосно познавање на предностите,
- недостатоци и ограничувања на секој систем
- разбирање на ДНК/клеточната/генетската функција за да се овозможи оптимизација
- валидација и имплементација на нови тестови
- основно познавање на метаболички нарушувања
- познавање од областа на биоинформатиката

Клинички/медицински знаења и вештини

- начини на поставување дијагноза, диференцијална дијагноза, прогноза, истражување и генетско тестирање на поединци, семејства или популации со чести и ретки наследни болести и болести поврзани со генетски фактори, како и наследни и спорадични карциноми и хематолошки неоплазми
- познавање на познатите меѓународни системи на номенклатура (како ISCN, HGVS)
- пресметување на ризиците на наследност
- познавање на медицински етички проблеми од областа на дијагностиката и истражувањето (на пример, информирана согласност, приватност, автономија)

Лабораториски вештини

- познавање на начинот на организирање и водење на лабораторија
- ракување со примероци (нивно идентификување, проследување, транспортирање и архивирање, вклучително и клиничко тестирање)
- толкување на генетските лабораториски наоди и поспецифично: резултатите од цитогенетски, молекуларно цитогенетски, онкогенетски, молекуларно-генетски и биохемиско-генетски анализи
- корелација со податоците за фенотипот
- практично искуство и познавање на преаналитичките и аналитичките техники и методи кои треба да се применат во генетска дијагностика: клеточна култура, изолација на ДНК, кариотипизирање и специфични техники на боење, флуоресцентно ин ситу хибридизирање, ПВР, варијации на бројот на копии, гел електрофореза, Сангерово секвенционирање, нови технологии на секвенционирање, микроарејни технологии
- подготовка на извештаи од лабораториските иследувања
- вештини за развој, оптимизирање, потврдување и воведување нови анализи во лабораторија за клиничка лабораториска генетика

Добра клиничка практика

- обука за соодветен приод кон пациент и семејство со наследна или малформативна болест следејќи ги сите етички норми и правила
- обука за добра опсервација
- обука за постепено соопштување лоши вести

Тимски и комуникациски вештини

- развивање добри комуникациски вештини со колегите во генетските центри и други специјалисти и здравствени професионалци
- способност за издавање извештаи, не само со биолошка, туку и со клиничка важност, важни за дијагноза и управување со пациентите
- ефикасна комуникација со лабораториското персонал за обезбедување ефикасни услуги, вклучително и тимска работа и лидерски вештини
- разбирање на етичките проблеми и важноста на добивање согласност и доверливост на информациите

Вештини од информатичка технологија (ИТ)

- употреба на информатичката технологија, вклучувајќи онлајн средства и бази на податоци

- стекнување знаење за тоа како да се искористи ИТ-технологијата за промовирање добра лабораториска работа и интерпретација на резултатите, поврзано со внатрешни софтверски решенија, онлајн извори и бази на податоци
- познавање на безбедноста на податоците

Менаџмент-обука

- познавање на општата здравствена политика, целите и приоритетите
- разбирање на организацијата на генетските услуги
- можност за учество во активностите на одделот поврзани со организациското планирање, финансискиот менаџмент и мониторирањето и одржувањето на стандардите за квалитет

Подучување

- промовирање на подучувачки вештини преку учество во едукацијата и обучувањето на студентите и здравствените работници и, ако е можно, на групи на пациенти

Истражување

- клиничката и лабораториска генетика има постојано променлива основа на знаењето и специјализантите треба да се поттикнуваат да учествуваат во истражувачката работа

ДЕЛ III.

ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ
НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

Област на специјализација:

1. МЕДИЦИНСКА ГЕНЕТИКА И МОЛЕКУЛАРНА БИОЛОГИЈА

Звање кое се добива по завршување на специјализацијата:

Специјалист по медицинска генетика и молекуларна биологија

Времетраење на специјализацијата:

48 месеци

Времетраење на турнусите

	ТУРНУС	ТРАЕЊЕ (МЕСЕЦИ)
1.	Детски болести	9
2.	Имунобиологија и хумана генетика	10
3.	Трансфузиска медицина	1
4.	Генетско инженерство и биотехнологија	5
5.	Микробиологија и паразитологија	2
6.	Биохемија	1
7.	Патологија	2
8.	Гинекологија и акушерство	4
9.	Судска медицина и криминалистика	2
10.	Катедра за биомолекуларни науки, Фармацевтски факултет	4
11.	Катедра за генетика, Природно-математички факултет	2
12.	Изработка на специјалистички труд	6
	вкупно:	48 месеци

ПЛАН И ВРЕМЕТРАЕЊЕ

на специјализацијата по медицинска генетика и молекуларна биологија

	ПЛАН	НАСТАВА (ЧАСОВИ)	СТАЖ (МЕСЕЦИ)	СТАЖОТ СЕ ИЗВЕДУВА ВО УСТАНОВИ ШТО ВРШАТ ДЕЈНОСТ ПО:
ПРВА ГОДИНА				
1.	Основи на генетика	20	1+1	- Институт за имунобиологија и хумана генетика - Природно-математички факултет
2.	Молекуларна генетика, методологија во молекуларната биологија	30	2+1	- Институт за имунобиологија и хумана генетика - биомолекуларна генетика
3.	Основи на лабораториска работа	10	1+1	- Универзитетска клиника за детски болести - Академија на науките и уметностите на Република Северна Македонија (МАНУ)
4.	Биохемиска генетика	5	1+1	- Универзитетска клиника за детски болести - биохемија
5.	Популациска генетика и генетска статистика	10	1	Институт за имунобиологија и хумана генетика
6.	Методи за неонатален и пренатален скрининг	5	1	Универзитетска клиника за детски болести

ВТОРА ГОДИНА				
1.	Цитогенетика и молекуларна цитогенетика	10	4	Универзитетска клиника за детски болести
2.	Имуногенетика (ХЛА, цитокини, КИР, Тол рецептори)	20	2	Институт за имунобиологија и хумана генетика
3.	Имуногенетика на крвни групи	10	1	Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија
4.	Молекуларна микробиологија	5	2	Институт за микробиологија и паразитологија
5.	Асоцијација на полиморфизми со болест	10	2	Институт за имунобиологија и хумана генетика
6.	Молекуларна патологија	5	2	Институт за патолошка анатомија
ТРЕТА ГОДИНА				
1.	Едногенски и повеќегенски болести	30	2+2	- Универзитетска клиника за детски болести - Академија на науките и уметностите на Република Северна Македонија (МАНУ)
2.	Форензичка генетика	5	2	Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија
3.	Онкогенетика	5	2	биомолекуларна генетика
4.	Компјутерски бази на податоци во генетиката	5	1	биомолекуларна генетика
5.	Етика и квалитет во лабораториската генетика	5	2+1	- Институт за имунобиологија и хумана генетика - Академија на науките и уметностите на Република Северна Македонија (МАНУ)
ЧЕТВРТА ГОДИНА				
1.	Репродуктивна генетика, предимплантациска генетика	20	2	Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство
2.	Пренатална дијагноза, методи	10	2+1+1	- Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Академија на науките и уметностите на Република Северна Македонија (МАНУ)
3.	Генетско советување	5		Универзитетска клиника за детски болести
4.	Изборен дел (вклучително и изработка на специјалистички труд)		6 месеци	- Универзитетска клиника за детски болести - Институт за имунобиологија и хумана генетика - гинекологија - Академија на науките и уметностите на Република Северна Македонија (МАНУ) - Природно-математички факултет - други дејности според интерес и вработување

* Во согласност со Медицинскиот факултет - Катедра за хумана генетика, менторот може да измени најмногу 25% од наставниот план во зависност од вработувањето или интересот на специјализантот

ПРОГРАМА
на специјализацијата по медицинска генетика и молекуларна биологија

ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

Основи на генетика	
1.	Структура и функција на ДНК
2.	Структура и функција на хромозомите
3.	Структура и функција на човечкиот геном
4.	Пренесување на генетската информација
5.	Прикажување на генетската информација
6.	Извори на генски генетски варијации
7.	Генски мапи и бази
8.	Организмите во генетските истражувања
9.	Интернационални системи за номенклатура - хумана цитогенетска номенклатура - ISCN - Здружение за варијации во хуманиот геном - HGVS Онлајн бази на податоци - база за Менделово наследување кај луѓето - OMIM - база за ретки болести - Орфанет - база „Генски ревии“

Молекуларна генетика	
1.	Пристапи во молекуларна дијагностика
2.	Методологија во молекуларната биологија
3.	Методи за анализа на нуклеински киселини - изолација на нуклеински киселини - методи на полимеразно-верижна реакција (ПВР, ПВР во реално време, квантитативна флуоресцентна ПВР) - електрофореза на нуклеински киселини (агароза гел, полиакриламидна гел-електрофореза - PAGE, капиларна електрофореза) - Садерново блотирање - Нордерново блотирање - ДНК-секвенционирање - фрагментна анализа - конформациски полиморфизам на единечни нишки - SSCP - денатурирачка градиентна гел електрофореза - DGGE - ТакМан-технологија - метод за анализирање на повеќе единечни полиморфизми во една мултиплекс реакција базирана на издолжување на прајмери - СНаПшот - мултиплекс амплификација на проби зависна од лигација - MLPA - ДНК-чипови - еребна компаративна геномска хибридизација - CGH - нови секвенционирачки технологии
4.	Методи за анализа на протеини - Вестерново блотирање - ензимски имуноесеј - ELISA - 2D електрофореза - течна хроматографија со високи перформанси - HPLC - проточна цитометрија - масена спектрометрија на молекули - имунохисто- и имуноцитохемиски методи

Основи на лабораториската работа	
1.	Организација на одредени поединици на генетската лабораторија
2.	Адаптација на протоколите на работа во однос на условите, конструирање на сопствени протоколи и нивни модификации
3.	Ракување и одржување на апаратурата, почитување на принципите на стерилност
4.	Трансфер на материјали и податоци, нивно чување и складирање на резултати
5.	Почитување на принципот на приватност
6.	Интерпретација на резултатите, анализа на генетските резултати - контроверзии и дилеми

Биохемиска генетика	
1.	Таксономија на наследните метаболички нарушувања (НМН)
2.	Типови на наследување
3.	Основни клинички и дијагностички карактеристики на лизозомните, пероксизомните и митохондријалните нарушувања и нарушувања на аминокиселинскиот и метаболизмот на сахаридите
4.	Диференцијална дијагноза и третман на перакутни и интермитентни НМН, откривање на хетерозиготи
5.	Пренатална дијагноза на НМН

Популациска генетика и генетска статистика	
1.	Основи на популациската генетика
2.	Харди-Вајнбергов закон
3.	Фреквенција на најчестите нарушувања и генетски заболувања во Република Северна Македонија

Методи на неонатален и пренатален скрининг	
1.	Скрининг на популацијата и селективен скрининг, организација
2.	Принципи и методи на работа, стапка на веродостојност на методите
3.	Примена

Медицинска цитогенетика и флуоресцентна ин ситу хибридизација	
1.	Еволуција на хуманите хромозоми и нормална хромозомска варијабилност
2.	Изработка на кариотип од лимфоцити на периферна крв
3.	Изработка на кариотип од други ткива
4.	Методи на бендирање
5.	Цитогенетско диференцирање на полот
6.	Хромозомски неправилности кај карцином, леукемија, лимфоми, солидни тумори
7.	Функција на гентско советувалиште

Имуногенетика (ХЛА, цитокини, КИР, Тол рецептори)	
1.	Основи на имуногенетиката
2.	Начин на испитување и значењето на генетските полиморфизми на следниве системи: ХЛА, цитокини, КИР, Тол рецептори

Имуногенетика на крвни групи	
1.	Крвно групни системи
2.	Наследување на крвни групи
3.	Методи за одредување на крвни групи

Молекуларна микробиологија	
1.	Бактериска и вирусна генетика
2.	Принципи на детекција, карактеризација и квантификација на инфективни агенси

Асоцијација на полиморфизми со болести	
1.	Лабораториски анализи на генски полиморфизми
2.	Генетска епидемиологија и релативен ризик
3.	Генска прифатливост кон инфективни болести
4.	Генска прифатливост на полигенски болести

Молекуларна патологија	
1.	Туморски обележувачи
2.	Имунохистохемиски методи за имунофенотипизирање
3.	Електронска микроскопија

Едногенски и повеќегенски болести	
1.	Дијагностика на генски болести во различни области на медицината
2.	Мултифакторски болести
3.	Типови на наследување на болестите
4.	Типови на конгенитални аномалии
5.	Дисморфологија
6.	Користење на клинички бази на податоци
7.	Ретки болести - дефиниција и згрижување

Форензичка генетика	
1.	Екстракција на ДНК од биолошки траги
2.	Кратки повторувачки секвенци и нивна употреба во ДНК форензички анализи, употреба на СНПс во ДНК-форензиката, испитување на татковство
3.	Полиморфизми на Y-хромозомот и митохондријалната ДНК во форензички анализи

Онкогенетика	
1.	Основни принципи на карциногенеза
2.	Видови на гени вклучени во карциногенеза (онкогени, тумор-супресор гени, микроРНК)
3.	Геномска нестабилност
4.	Канцерогенетика

Компјутерски бази на податоци во генетиката	
1.	Користење на компјутерски бази на податоци - Ensembl, Entrez, OMIM, IMGT и сл. - споредба, варијации, пребарување, генски секвенци

Етика и квалитет во лабораториската генетика	
1.	Етика во генетското тестирање
2.	Етички аспекти на земање и чување генетски материјал
3.	Заштита на доверливоста
4.	Планирање на истражување во генетиката
5.	Обезбедување квалитет - препораки на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) - упатства од Европската асоцијација за квалитет во фармацијата (ЕЦА) - генетско тестирање - ЕуроГентест - препораки за надворешно контролирање на квалитет (И-кју-еј) - национални упатства Акредитација (ИСО 15189)

Репродуктивна генетика	
1.	Различни цитогенетски техники
2.	Цитогенетска анализа кај брачен стерилитет

3.	Преимплантациона генетика
4.	Индикации, начин на изведување и можности на оплодувањето ин витро

Пренатална дијагноза и генетско советување

1.	Индикации за пренатална дијагноза
2.	Изработка на кариотип од амнионска течност
3.	Методи
4.	Психолошки методи

Изборен дел (вклучително и изработка на специјалистички труд)

ПРАКТИЧЕН ДЕЛ
со спроведување на потребниот вид и број на постапки и интервенции

		БРОЈ НА ПОСТАПКИ
Основи на генетика		
1.	Изолација на геномска ДНК	20
2.	Мерење на концентрација на ДНК, РНК и протеини	20
3.	Полимеразно верижна реакција	50
4.	Изолација на РНК и РТ-ПВР	5
Молекуларна генетика		
1.	Должински полиморфизам на рестрикциски фрагменти (ДПРФ)	10
2.	Секвенцно-специфични започнувачи (ССП метод)	10
3.	Метод за реверзна хибридизација	10
4.	Генско прикажување со Вестернови дамки	5
5.	Автоматско флуоресцентно секвенционирање на ДНК	5
6.	Определување мутации	10
Основи на лабораториската работа		
1.	Семинарска работа за организација на генетска лабораторија	1
2.	Анализа на дневник на пациенти - водење на регистар	1
3.	Контрола на апаратурата во лабораторијата	5
4.	Интерпретација на резултати и нивно приготвување	5
Биохемиска и развојна генетика		
1.	Ензимска детекција	10
2.	Скрининг-методи и тандем мас дијагностика	20
3.	Анализа по метода на ДЕЛФИА и ЕЛИСА	20
Популациска генетика и генетска статистика		
1.	Пресметување, дистрибуција на полиморфизми со софтвер Арлекин	5
2.	Пресметување неутралност (позитивен и негативен притисок на селекција) со софтвер ПајПоп	5
3.	Пресметување асоцијација со болести (релативен ризик, Валдов интервал на доверба, корекција на Бонферони)	5
4.	Пресметување генетска оддалеченост (од фреквенции и од секвенци) со софтвер ДИСПАН	5
Методи на неонатален и пренатален скрининг		
1.	Земање примероци на филтер хартија	20
2.	Поставување на серија анализи	5
3.	Интерпретација на резултати	20

4.	Скрининг на бремена жена - Приска 1 и 2 - анализа на резултати и праг-вредност	5
Медицинска цитогенетика и флуоресцентна ин ситу хибридизација		
1.	Кариотип со нормална резолуција (крв, амниоцити, фибробласти, коскена срцевина)	10
2.	Кариотип со висока резолуција (крв, коскена срцевина)	5
3.	Флуоресцентна ин ситу хибридизација	5
4.	Квантитативна флуоресцентна ПВР и мултиплекс амплификација на проби зависна од лигација - MLPA анализи за детекција на најчести хромозомски реаранжирања	5
5.	Методи за автоматско кариотипизирање	5
Имуногенетика (ХЛА, цитокини, КИР, Тол рецептори)		
1.	ХЛА типизација на класа 1 и класа 2	20
2.	Определување полиморфизми за цитокини	5
3.	Определување полиморфизми за КИР	5
4.	Определување полиморфизми за Тол рецептори	5
Имуногенетика на крвни групи		
1.	Серолошко определување крвни групи	50
Молекуларна микробиологија		
1.	Детекција и типизација на HPV вирус	10
2.	Детекција и типизација на HBV и HCV вируси и други вируси	10
3.	Детекција и типизација на бактериски соеви	5
Асоцијација на полиморфизми со болести		
1.	Пресметување генетска поврзаност со заболување	10
2.	Пресметување трансмисиски дисеквилибриум тест (ТДТ)	5
Молекуларна патологија		
1.	Имунохистохемија	5
2.	Изолација на ДНК од ткиво, апликација на проба на примерок од ткиво	3
3.	Хибридизација на ткиво	5
Едногенски и повеќегенски болести		
1.	Молекулска дијагноза, избор на методи	5
2.	Интерпретација на мутации	5
3.	Пристап кон семејство со наследна болест	3
4.	Генетска консултација	2
Форензичка генетика		
1.	Изолација на ДНК од форензички материјал	5
2.	ДНК анализа за идентификација и утврдување на сродство	5
3.	Анализа на Ипсилон хромозом и митохондријална ДНК	5
4.	Статистички методи за анализа на семејна поврзаност	5
Онкогенетика		
1.	Абнормални транскрипти кај леукемии и лимфоми	5
2.	Хромозомски транслокации	5
3.	МСИ	2
4.	ЛОХ	2
5.	кРАС, ЈАК2, ЕГФР и сл.	2
6.	Наследни малигни заболувања (БРЦА, ХНПЦЦ, МЕН и др.)	2

Компјутерски бази на податоци во генетиката		
1.	Пребарување на бази на податоци, барање на секвенци	2
Етика и квалитет во лабораториската генетика		
1.	Обезличување на генетски примероци	5
2.	Банка за складирање хумана ДНК	5
3.	Дарителски регистер	5
4.	Банки за матични клетки	5
Репродуктивна генетика		
1.	Хорион-биопсија	5
2.	Преинплантациска генетика - метод	1
Пренатална дијагноза и генетско советување		
1.	Амниоцентеза - култивирање, избор на подлога, анализа и интерпретација	10
2.	Пренатално генетско советување	2

Цел на специјализацијата

Напредокот на новите технологии овозможи откривање на причините за низа генетски болести. Медицинската генетика и молекуларната биологија е дел од хуманата генетика, која активно помага во изучувањето на генетските заболувања и напредокот на генетското тестирање, сè со цел подобрување на грижата за пациентите.

Медицинската генетика во себе опфаќа повеќе лабораториски вештини, со цел откривање на причините за генетските заболувања: цитогенетиката (традиционалните цитогенетски техники, молекуларната цитогенетика со флуоресцентна ин ситу хибридизација и ерејна компаративна геномска хибридизација - CGH), молекуларната генетика (испитувања на ниво на ДНА) и биохемиската генетика (евалуација и дијагноза на пациенти и семејства со наследни метаболички болести).

Медицинската генетика претставува интердисциплинарна струка, која ги содржи сите елементи на генетските лаборатории потребни за поддршка на пациент или семејство со генетска болест. Главните активности на генетските услуги можат да се дефинираат како интегрирани клинички и лабораториски услуги, обезбедени за оние со или загрижени за заболување со сигнификантна генетска компонента (и наследена и спорадична). Заради делењето на гените меѓу членовите на семејството, целото семејство, а не само индивидуата, претставува главен пациент во клиничката/медицинска генетика.

Целта на оваа специјализација е да се добијат строго специјализирани кадри кои ќе бидат носители на дејност во лабораторија за медицинска генетика/молекуларна дијагностика, вклучително интерпретација и потпишување на резултати.

Програмата опфаќа и обука за:

Добра клиничка практика

- обука за соодветен приод кон пациент и семејство со наследна или малформативна болест, следејќи ги сите етички норми и правила
- обука за добра опсервација
- обука за постепено соопштување лоши вести

Тимски и комуникациски вештини

- развивање добри комуникациски вештини со колегите во генетските центри и други специјалисти и здравствени професионалци
- способност за издавање извештаи, не само со биолошка, туку и клиничка важност, важни за дијагноза и управување со пациентите
- ефикасна комуникација со лабораторискиот персонал за обезбедување ефикасни услуги, вклучително и тимска работа и лидерски вештини

Одржување на добра лабораториска практика

- развивање обврска за доживотно учење преку континуиран професионален развој и учество на значајни курсеви и конференции
- учество во контролирање и лабораториско раководење
- вештини за развивање, оптимизирање и воведување нови истражувања во дијагностичкиот панел
- придржување кон воспоставените процедури за согласност и доверливост
- разбирање на етичките и легалните прашања
- запознавање со прашањата поврзани со обезбедување квалитет, акредитација и клиничко раководење

Вештини од информатичка технологија (ИТ)

- употреба на информатичката технологија, вклучувајќи онлајн средства и бази на податоци
- стекнување знаење за тоа како да се искористи ИТ-технологијата за промовирање добра лабораториска работа и интерпретација на резултатите, поврзано со сопствено развиен софтвер, онлајн извори и бази на податоци
- познавање на безбедноста на податоците

Менаџмент-обука

- познавање на општата здравствена политика, целите и приоритетите
- разбирање на организацијата на генетските услуги
- можност за учество во активностите на одделот поврзани со организационото планирање, финансискиот менаџмент и мониторирање и одржување на стандардите за квалитет
- развој на мултидисциплинарен тим, работни и лидерски вештини

Подучување

- промовирање на подучувачки вештини преку учество во едукацијата и обучувањето на студентите и здравствените работници

Истражување

- лабораториската генетика има постојано променлива основа на знаењето и специјализантите треба да се поттикнуваат да учествуваат во истражувачката работа

Дополнителна едукација и обука на специјализантите, посебно на полето на нови технологии, туморската генетика и/или неврогенетика

Област на специјализација

2. МЕДИЦИНСКА ПСИХОЛОГИЈА

Звање кое се добива по завршување на специјализацијата>

Специјалист по медицинска психологија

Времетраење на специјализацијата:

36 месеци

Програмата за специјализација по медицинска психологија се состои главно од две едукативни компоненти и евалуациска компонента:

- Теориско/дидактичка компонента
  (предавања, семинари за специјализанти, консултации)
- Клиничка компонента
  (турнуси и работа со пациенти)
- Евалуациска компонента
  (колоквиуми, прикази на случаи, семинарски излагања од самите специјализанти)

ТЕОРИСКО-ДИДАКТИЧКИ КУРИКУЛУМ

Теориско-дидактичкиот курикулум е составен од:

- Базични науки
- Дијагностичка проценка
- Етиопатогенеза и психопатологија на менталните процеси
- Третман
- Прогноза
- Превенција и промоција на менталното здравје
- Општи насоки

1.	**Базични науки**
	Човековиот раст и развој низ фазите на животниот циклус (нормален развој)
	Цел: Специјализантите треба да бидат запознаени со нормалниот биолошки, психолошки и социјален развој од раѓањето до староста како и развој на психичките функции
	- стадиуми на нормален развој - влијанието на когнитивниот и емоционалниот развој врз етиологијата и презентацијата на психопатолошките нарушувања - специфични начини на справување со психолошки стрес, траума и болест зависно од возраста - фактори поврзани со ранливоста кон психијатриските нарушувања, како и протективни фактори поврзани со психичката отпорност - социо-културни фактори, семејни фактори, кои влијаат на развојот, манифестацијата на психијатриските нарушувања во различни периоди на животниот циклус - развојни прашања врзани за маргинализирани/сиромашни групи, вклучувајќи релевантни историски и политички фактори, кои влијаеле врз нивното јавување - справување со загуби, смрт, тагување, вклучувајќи го значењето на религиозните и културните фактори

	Базични науки (во потесна смисла)
	Цел: Специјализантите треба да бидат запознаени со аспектите на психологијата како наука и нејзината поврзаност со биолошките и социолошките науки во разбирање на психијатриските нарушувања
